20190240344

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (*)

Се прогласува Законот за јавните набавки (*),

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јануари 2019 година.

Бр. 08-640/1
28 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (*)

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Поглавје 1

Предмет, дефиниции и начела

Член 1

Предмет на уредување

Со овој закон се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките за јавни набавки, како и правната заштита во постапките за доделување концесии и договори за јавно приватно партнерство.

(□)Со овој закон се врши усогласување со:
- ДИРЕКТИВА 2014/24/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ, CELEX број на прописот 32014L0024;
- ДИРЕКТИВА 2014/25/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и за укинување на Директива 2004/17/ЕЗ, CELEX број на прописот 32014L0025 и
- ДИРЕКТИВА 2007/66/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2007 година за изменување на Директивата бр.89/665/ЕЕЗ на Советот и Директивата бр.92/13/ЕЕЗ на Советот за подобрување на делотвроноста на постапките за ревизија при доделување јавни договори, CELEX број на прописот 32007L0066.

Член 2

Значење на поимите употребени во Законот

Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Договор за јавна набавка“ е договор склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и еден или повеќе договорни органи чиј предмет е снабдување стоки, обезбедување услуги или изведување градежни работи;

2. „Постапка за јавна набавка“ е постапка што ја спроведуваат еден или повеќе договорни органи, чија цел или дејство е купување или стекнување стоки, услуги или работи;

3. „Договор за јавна набавка на стоки“ е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката. Договорот за јавна набавка на стоки може да вклучува и услуги за нивно поставување и вградување;

4. „Договор за јавна набавка на услуги“ е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освен оние од точка 5 на овој став;

5. „Договор за јавна набавка на работи“ е договор за јавна набавка чиј предмет е:

а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности;

б) изведување градба или проектирање и изведување градба и

в) реализација на градба со какви било средства, според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;

6. „Економски оператор“ е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи;

7. „Понудувач“ е економски оператор кој поднел понуда;

8. „Кандидат“ е економски оператор кој бара да учествува или е поканет да учествува во ограничена постапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, постапка со преговарање без објавување оглас, конкурентен дијалог или во партнерство за иновации;

9. „Подизведувач“ е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба;

10. „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;

11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;

12. „Несоодветна понуда“ е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени;

13. „Несоодветна пријава за учество“ е пријава за учество поднесена од кандидат кој треба да се исклучи бидејќи не ги исполнува условите за утврдување способност во постапката;

14. „Централизирани набавни активности“ се активности што се извршуваат континуирано во еден од следниве облици:

а) набавка на стоки и услуги наменети за повеќе договорни органи или

б) доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи наменети за повеќе договорни органи;

15. „Помошни набавни активности“ се активности за поддршка на договорниот орган при вршење на неговите набавки, особено во следниве форми:

а) техничка инфраструктура која на договорниот орган му овозможува доделување договори за јавна набавка или рамковни спогодби за стоки, услуги или работи и/или

б) советување во врска со осмислувањето или спроведувањето на постапките за јавни набавки;

16. „Централно тело за набавки“ е договорен орган кој врши централизирани набавни активности и помошни набавни активности;

17. „Единствен документ за докажување на способноста“ е документ што го издава Централниот регистар на Република Македонија и што содржи податоци со кои се докажуваат елементи од способноста на економскиот оператор;

18. „Писмено“ или „во писмена форма“ е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;

19. „Електронско средство“ е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;

20. „Животен век“ се сите последователни и/или меѓусебно поврзани фази, вклучувајќи ги потребните истражување и развој, производство, трговија согласно со условите, превоз, користење и одржување во текот на постоењето на производот или градбата или обезбедувањето на услугата, од стекнување на суровината или генерирање на ресурсите до расходување, уништување или завршување на услугата или употребата;

21. „Конкурс за избор на идејно решение“ е постапка која му овозможува на договорниот орган, главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, да добие план или проект, кој ќе го избере жири комисија по распишување конкурс со или без доделување награди;

22. „Иновација“ е имплементација на нов или значително подобрен производ, услуга или процес, вклучувајќи ги процесите на производство и изградба, нов метод на пласман на пазарот или нов метод на организација во деловната пракса, организација на работното место или организација на надворешните односи, со цел да се помогне во решавањето на општествените предизвици;

23. „Ознака“ е секој документ, уверение или потврда што потврдува дека стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките ги исполнуваат утврдените барања;

24. „Услови за добивање ознака“ се услови кои стоките, услугите, градежните работи, процесите или постапките мора да ги исполнуваат за да добијат одредена ознака;

25. „Класичен јавен сектор“ е јавниот сектор кој не е опфатен со секторските дејности;

26. „Секторски дејности“ се дејности од областа на водоснабдувањето, енергетиката, транспортот и поштенските услуги, кои се опфатени во членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон;

27. „Технички спецификации“ се:

а) во случај на јавна набавка на работи, збир на технички прописи содржани во тендерската документација со кои се дефинирани потребните карактеристики на материјалите, производите или стоките за да одговараат на употребата што му е потребна на договорниот орган; тие карактеристики вклучуваат влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и постапките за обезбедување квалитет, терминологијата, симболите, методите на тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на градбата; тие карактеристики, исто така, вклучуваат правила од проектот и правила за процена на трошоците, услови за тестирање, за инспекција и за прием на изведените работи, градежните методи или техники, како и сите други технички услови што договорниот орган има право да ги пропише во согласност со општите и посебните прописи во врска со градбата и вклучените материјали или деловите и

б) во случај на јавна набавка на стоки или услуги, спецификација со која се дефинираат карактеристиките на производот или услугата, како што се ниво на квалитет, влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, користење на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и релевантните барања за производот во однос на називот под кој се продава, терминологијата, симболите, тестирањата и методите за тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на стоките или услугите, како и постапки за оценување на сообразноста;

28. „Стандард“ е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признаено тело со кој, заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уредност во определено подрачје, и тоа:

а) „меѓународен стандард“ е стандард усвоен од меѓународна организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста,

б) „европски стандард“ е стандард усвоен од европска организација за стандардизација кој ѝ е достапен на јавноста и

в) „национален стандард“ е стандард усвоен од национално тело за стандардизација и е достапен на јавноста;

29. „Техничка референца“ е секој документ кој не е европски или национален стандард, а е издаден од национално или европско тело за стандардизација, кој е во согласност со постапки прилагодени на потребите на пазарот;

30. „Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;

31. „Електронски пазар на набавки од мала вредност“ е електронска платформа во вид на електронски каталог со која управува Бирото за јавни набавки и која се користи за набавки од мала вредност согласно со условите од овој закон;

32. „Динамичен систем за набавки“ е систем кој се воспоставува како целосно електронски процес отворен во текот на целото времетраење за сите економски оператори што ги исполнуваат критериумите за утврдување способност, а кој се користи за вообичаени набавки кои се општо достапни на пазарот и кои ги исполнуваат потребите на договорниот орган;

33. „Еквивалентно“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;

34. „Пазарна цена“ е цената на релевантниот пазар земајќи ги предвид предметот на набавка, развиеноста на пазарот, условите од тендерската документација како што се начинот на плаќање, рокот на испорака, количините, гарантниот рок, средствата за обезбедување и слично;

35. „Заеднички поимник за јавни набавки - CPV (во натамошниот текст: ЗПЈН)“ е единствен класификациски систем на номенклатури на стоки, услуги и работи што се применува во постапките за јавни набавки и кој обезбедува еднообразност со останатите постојни номенклатури за стоки, услуги и работи;

36. „Рамковна спогодба“ е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените количини;

37. „Одговорно лице кај договорниот орган“ е функционер кој раководи со државен орган, градоначалник на единицата на локалната самоуправа или директор на правно лице;

38. „Посебно или ексклузивно право“ е право доделено од надлежен орган врз основа на закон, подзаконски пропис или акт на управата, со кое се ограничува вршењето секторски дејности на еден или повеќе субјекти и кое значително влијае врз можноста други субјекти да вршат такви дејности;

39. „Државни органи“ се органите на државната управа и органите на законодавната и судска власт;

40. „Електронски каталог“ е организирана описна листа на стоки или услуги што ги нудат еко¬номските оператори преку ЕСЈН;

41. „Тело за оценка на сообразност“ е тело кое извршува дејности за утврдување сообразност, вклучително и калибрирање, тестирање, сертифицирање и инспекција, акредитирано согласно со материјалните прописи и

42. „Алтернативна понуда“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.

Член 3

Начела на кои се темелат јавните набавки

(1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

(2) При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Член 4

Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства

(1) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.

(2) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност.

(3) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки во рок и на начин пропишани со овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон, со минимални трошоци во постапката за јавна набавка.

Член 5

Начело на конкуренција помеѓу економските оператори

(1) Во постапката за јавна набавка, договорниот орган не смее неоправдано да ја ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори.

(2) Договорниот орган ја спроведува постапката за јавна набавка согласно со прописите за заштита на конкуренцијата и не смее да ги ограничи потенцијалните понудувачи со избирање на видот на постапката или со нејзино спроведување спротивно на овој закон.

(3) Договорниот орган не смее да бара од понудувачот да ангажира одредени подизведувачи за извршување на договорот, ниту пак да бара од понудувачот да врши кои било други активности, како што е извоз на одредени стоки или услуги.

Член 6

Начело на транспарентност

(1) Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Начелото на транспарентност се обезбедува со објавување на планот за јавни набавки, огласите и известувањата од овој закон, тендерската документација и договорот за јавна набавка, како и нивните измени и дополнувања.

Член 7

Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

Член 8

Начело на сразмерност

Постапката за јавна набавка се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на изборот, дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

Поглавје 2

Договорни органи и правила за набавки во класичниот јавен сектор и во секторските дејности

Член 9

Договорни органи

(1) Договорни органи во смисла на овој закон се:

а) државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа;

б) правните лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер и кои, во најголем дел, се финансирани од страна на договорни органи од точка а) на овој став или од такви правни лица, или се подложни на контрола на работењето од страна на договорни органи од точка а) од овој став или од такви правни лица, или во кои повеќето од половината членови на управниот или надзорниот одбор се именувани од страна на договорни органи од точка а) на овој став или од такви правни лица;

в) здруженија основани од еден или повеќе договорни органи од точките а) и б) на овој став;

г) јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во кои договорните органи од точките а), б) или в) од овој став имаат доминантно директно или индиректно влијание преку сопственост над нив, односно ако поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозински гласови на акционерите или именуваат повеќе од половина од членовите од управниот или надзорниот одбор на претпријатието или друштвото, а кои вршат една или повеќе секторски дејности, во случаите кога доделуваат договори за јавни набавки или склучуваат рамковни спогодби со цел вршење на соодветните дејности и

д) секое правно лице, освен оние од точките а), б), в) и г) од овој став кое врши една или повеќе секторски дејности, врз основа на посебно или ексклузивно право, во случаите кога доделува договори за јавни набавки или склучува рамковни спогодби со цел вршење на соодветните дејности.

(2) Правата доделени во постапка со јавно објавување во која биле утврдени објективни критериуми за доделување на таквите права не се сметаат за посебни или ексклузивни права во смисла на став (1) точка д) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) утврдува индикативен список на договорни органи од ставот (1) на овој член.

Член 10

Правила за јавни набавки во класичниот јавен сектор и во секторските дејности

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на сите договорни органи, освен ако не е поинаку уредено согласно со овој закон.

(2) Договорниот орган од член 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон ги применува одредбите што се однесуваат на секторските дејности во случаите кога спроведува постапка за јавна набавка на стоки, услуги или работи во функција на извршување секторска дејност. За набавка на други стоки, услуги или работи кои не се во функција на извршување секторски дејности договорниот орган ги применува одредбите што се однесуваат на класичниот јавен сектор.

(3) Договорниот орган од член 9 став (1) точка г) од овој закон ги применува правилата што се однесуваат на секторските дејности во случаите кога спроведува постапка за јавна набавка на стоки, услуги или работи во функција на извршување секторски дејности, како и за набавка на други стоки, услуги или работи кои не се во функција на извршување секторски дејности.

(4) Договорниот орган од член 9 став (1) точка д) од овој закон ги применува правилата што се однесуваат на секторските дејности во случаите кога спроведува постапка за јавна набавка на стоки, услуги или работи во функција на извршување секторски дејности, а за набавка на други стоки, услуги или работи кои не се во функција на извршување секторски дејности нема обврска да го применува овој закон.

Поглавје 3

Секторски дејности

Член 11

Гас или топлинска енергија

(1) Во областа на гасот или топлинската енергија, правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на поставувањето и стопанисувањето со фиксни мрежи наменети за обезбедување јавни услуги во поглед на производство, пренос или дистрибуција, односно снабдувањето со гас или топлинска енергија на таквите мрежи.

(2) Снабдувањето со гас или топлинска енергија на мрежите наменети за обезбедување јавни услуги од страна на договорен орган од членот 9 став (1) точки г) и д) од овој закон не претставува секторска дејност во смисла на овој член, ако:

- производството на гас или топлинска енергија е последица од вршењето дејност која не претставува секторска дејност и
- снабдувањето на јавната мрежа со гас или топлинска енергија е насочено само кон економско искористување на таквото производство и не надминува повеќе од 20% од прометот на договорниот орган, земајќи го предвид просекот за претходните три години, вклучувајќи ја и тековната.

(3) Снабдување, во смисла на овој член, вклучува генерирање или производство и промет на големо и мало, освен производството на гас во форма на екстракција.

Член 12

Електрична енергија

(1) Во областа на електричната енергија, правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на поставувањето и стопанисувањето со фиксни мрежи наменети за обезбедување јавни услуги во поглед на производство, пренос или дистрибуција, односно снабдувањето со електрична енергија на таквите мрежи.

(2) Снабдувањето со електрична енергија на мрежите наменети за обезбедување јавни услуги од страна на договорен орган од членот 9 став (1) точки г) и д) од овој закон не претставува секторска дејност во смисла на овој член, ако:

- електричната енергија се произведува заради задоволување на сопствената потрошувачка потребна за вршење дејност која не претставува опфатена дејност и
- снабдувањето на јавната мрежа со електрична енергија зависи исклучиво од сопствената потрошувачка на договорниот орган и не надминува 30% од вкупното сопствено производство на електрична енергија, земајќи го предвид просекот во претходните три години, вклучувајќи ја и тековната.

(3) Снабдување, во смисла на овој член, вклучува генерирање или производство и промет на големо и мало.

Член 13

Водоснабдување

(1) Во областа на водоснабдувањето, правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на поставувањето и стопанисувањето со фиксни мрежи наменети за обезбедување јавни услуги во поглед на производство, пренос или дистрибуција на вода за пиење, односно снабдувањето со вода за пиење на таквите мрежи.

(2) Правилата за јавни набавки за секторските дејности се применуваат и на постапките за јавни набавки и конкурсите за избор на идејно решение што ги спроведува договорен орган кој врши дејност од ставот (1) на овој член, а кои се во врска со:

- хидраулични инженерски проекти, наводнување или дренажа на земјиште, од кои над 20% од вкупниот капацитет на водата се користи за пиење или
- отстранување или третман на отпадни води.

(3) Снабдувањето со вода за пиење на мрежите наменети за обезбедување јавни услуги кое го врши договорниот орган од членот 9 став (1) точки г) и д) од овој закон не претставува секторска дејност во смисла на овој член, ако:

- производството на вода за пиење е потребно за извршување дејности кои не претставуваат секторски дејности и
- снабдувањето на мрежите зависи исклучиво од сопствената потрошувачка на самиот субјект и не надминува 30% од вкупното сопствено производство на вода за пиење, земајќи го предвид просекот во претходните три години, вклучувајќи ја и тековната.

(4) Снабдување, во смисла на овој член, вклучува генерирање или производство и промет на големо и мало.

Член 14

Транспортни услуги

(1) Правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на обезбедувањето или управувањето со мрежи кои обезбедуваат јавни услуги во областа на железничкиот сообраќај, автоматизираните системи, трамваите, тролејбусите, автобусите или жичниците.

(2) Се смета дека постои мрежа во смисла на ставот (1) на овој член во случаите каде што услугата се обезбедува според условите за работење пропишани од страна на надлежен орган на Република Македонија или на единица на локална самоуправа, кои вклучуваат услови во однос на линии што треба да се опслужат, капацитет што треба да се обезбеди или фреквенција на услугата.

Член 15

Пристаништа и аеродроми

Правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на искористувањето географска област со цел да се обезбеди аеродромска инфраструктура, пристаништа на копнени води или други инфраструктурни терминали за воздушни превозници или превозници по копнен пловен пат.

Член 16

Поштенски услуги

(1) Правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на обезбедувањето:

- поштенски услуги и/или
- услуги кои не се поштенски услуги, што ги обезбедува договорен орган кој обезбедува и поштенски услуги во смисла на став (3) на овој член, доколку не се исполнети условите од членот 26 од овој закон.

(2) Пратката адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на поштенски услуги е поштенска пратка. Во поштенски пратки спаѓаат пратки за кореспонденција (писмо и поштенска картичка), пратки за слепи лица, директна пошта, книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети кои содржат стока со или без означена вредност.

(3) Услугите кои се состојат од прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај се поштенски услуги, а што вклучуваат услуги кои се во или вон опфат на универзалните услуги, согласно со прописите со кои се уредуваат поштенските услуги;

(4) Услуги кои не се поштенски услуги се услугите за управување со поштенска служба, а особено услугите пред и по испораката, вклучувајќи ги и услугите за управување со поштенското приемно одделение или услугите што се однесуваат на поштенските пратки кои не се вклучени во ставот (2) на овој член, како што е неадресирана директна пошта.

Член 17

Вадење нафта и гас, како и истражување или ископ на јаглен или други цврсти горива

Правилата за јавни набавки за секторските дејности се однесуваат на искористување географска област за:

- вадење нафта или гас и
- истражување или ископ на јаглен или други цврсти горива.

Поглавје 4

Посебни ситуации

Член 18

Набавки кои ги субвенционираат или кофинансираат договорни органи

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на:

а) постапките за јавни набавки на работи во класичниот јавен сектор кои договорните органи од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон директно ги субвенционираат или кофинансираат со повеќе од 50% и чија проценета вредност без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од 1.000.000 евра во денарска противвредност, доколку тие вклучуваат:

- работи од ниска градба или
- работи за изградба на болници, објекти наменети за спорт, рекреација и разонода, училишта и универзитетски објекти, како и објекти што се користат за административни цели и

б) постапките за јавни набавки на услуги во класичниот јавен сектор кои договорните органи од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон директно ги субвенционираат или кофинансираат со повеќе од 50% и чија проценета вредност без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од 130.000 евра во денарска противвредност.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки на стоки и услуги во класичниот јавен сектор кои договорните органи од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон ги субвенционираат или кофинансираат со повеќе од 50% во соработка со здруженија, организации или институти, доколку проценетата вредност на стоките или услугите без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од 40.000 евра во денарска противвредност.

(3) За набавките од ставовите (1) и (2) од овој член, договорниот орган ги презема сите потребни дејствија за да обезбеди почитување на одредбите од овој закон, доколку субјектот корисник на субвенцијата или кофинансирањето го доделува договорот за јавна набавка или доколку таквиот договор го доделува договорниот орган во име и за сметка на тој субјект.

Член 19

Јавни набавки кои вклучуваат аспекти од одбраната и безбедноста

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки на стоки, услуги или работи во областа на одбраната и безбедноста, освен за јавните набавки на стоки, услуги и работи кои се уредени со законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, одредбите на овој закон не се применуваат на постапките за јавни набавки на стоки, услуги или работи во областа на одбраната и безбедноста:

а) доколку јавните набавки се вршат во друга земја, вклучително и набавките од цивилен карактер, кога вооружените сили на Република Македонија се во мисија или на вежбовни активности надвор од територијата на Република Македонија, ако од оперативни причини договорите мора да се доделат на економски оператори основани на територијата каде што се изведуваат дејствијата;

б) доколку државен орган на Република Македонија доделува договор за јавна набавка на државен орган од друга земја, кој се однесува на:

- набавка на воена опрема или безбедносно – осетлива опрема,
- безбедносно – осетливи услуги,
- безбедносно – осетливи работи,
- услуги или работи кои се директно поврзани со воена или безбедносно – осетлива опрема,
- услуги или работи за посебни воени цели;

в) доколку набавките се наменети за извршување разузнавачки и контраразузнавачки дејствија, утврдени со законот кој ги уредува јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста;

г) доколку спроведувањето постапка за јавна набавка или конкурс за избор на идејно решение согласно со овој закон би довело до проследување информации чие откривање е спротивно на основните безбедносни интереси на Република Македонија;

д) доколку основните безбедносни интереси на Република Македонија не можат да се заштитат со поблаги мерки, како што се услови за заштита на доверливоста на информациите што ги објавуваат договорните органи во постапката за јавна набавка или конкурсот за избор на идејно решение согласно со условите од овој закон;

ѓ) доколку доделувањето и извршувањето на договорот за јавна набавка или конкурсот за избор на идејно решение се класифицирани со безбедносна класификација согласно со прописите за заштита на класифицирани информации или мораат да бидат придружени со посебни безбедносни мерки согласно со прописите на Република Македонија, во случај надлежен орган да утврдил дека основните интереси на државата не може да се заштитат со поблаги мерки, како што се услови за заштита на доверливоста на информациите што ги објавуваат договорните органи во постапката за јавна набавка или конкурсот за избор на идејно решение согласно со условите од овој закон;

е) кои договорниот орган ги спроведува според правила за јавни набавки различни од правилата утврдени со овој закон, кои се утврдени:

- со меѓународен договор или спогодба склучена помеѓу Република Македонија и друга земја, со кои се опфаќаат стоки, услуги или работи наменети за заедничко спроведување или искористување проект од страна на потписниците на таа меѓународна спогодба или договор;

- со меѓународен договор или спогодба која се однесува на стационирање воени сили и која се однесува на деловни субјекти од Република Македонија или друга земја или

- од меѓународна организација;

ж) кои договорниот орган ги спроведува според правилата на меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, кога договорот или конкурсот за избор на идејно решение е целосно финансиран од страна на меѓународната организација или меѓународната финансиска институција. Во случај кога договорот или конкурсот е во поголема мера кофинансиран од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, договорниот орган и организацијата, односно институцијата се договараат кои правила ќе се користат.

Член 20

Комбинирани договори за јавни набавки

(1) Договорите за јавни набавки чиј предмет содржи различни видови набавки се доделуваат во согласност со одредбите што се применуваат за видот на набавката карактеристична за главниот предмет на договорот.

(2) Во случај на комбинирани договори за јавни набавки чиј предмет на набавка се делумно посебни услуги а делумно се услуги кои не се опфатени со Главата V од овој закон, постапката за јавна набавка може да се спроведе согласно со Главата V од овој закон, доколку вредноста на другите услуги е пониска од вредностите утврдени во членот 40 од овој закон.

(3) Во случај на комбинирани договори за јавни набавки кои делумно се состојат од услуги а делумно од стоки, главниот предмет на набавка се определува во зависност од тоа која од проценетите вредности на стоките или услугите преовладува.

(4) Кај договорите за јавни набавки чиј предмет содржи елементи уредени со други закони, договорниот орган може да одлучи за поединечните делови да спроведе посебни постапки или единствена постапка. Доколку договорниот орган се одлучи за спроведување посебни постапки за поединечните делови, одлуката за тоа кој закон ќе се применува на овие одделни постапки се одредува врз основа на карактеристиките на поединечниот дел.

(5) Доколку во случаите од ставот (4) на овој член, договорниот орган одлучи да спроведе единствена постапка, се применува овој закон, без оглед на вредноста на деловите за кои инаку би важел друг закон и без оглед на тоа кој закон би важел за тие делови, освен во случаите од членот 22 од овој закон.

(6) Кај комбинирани договори за јавни набавки што вклучуваат стоки, услуги и работи, како и концесии, комбинираните договори се доделуваат согласно со овој закон, под услов проценетата вредност на делот кој претставува јавна набавка во смисла на овој закон да е еднаква или повисока од вредностите утврдени во членот 40 од овој закон.

(7) Доколку различните делови на предметната набавка објективно не можат да се одделат, кој закон ќе се применува ќе се утврди врз основа на главниот предмет на набавка.

(8) По исклучок од ставовите (4), (5), (6) и (7) на овој член, кај постапките за јавни набавки од класичниот јавен сектор и во секторските дејности, договорниот орган може да одлучи за секоја дејност да спроведе посебни постапки или единствена постапка. Доколку договорниот орган одлучи да спроведе посебни постапки, одлуката за тоа кои правила ќе се применуваат за доделувањето на секој од посебните договори се носи врз основа на карактеристиките на секоја дејност одделно. Одлуката дали да се спроведе единствена постапка или повеќе посебни постапки не смее да се носи со цел исклучување на примената на овој закон или на законот со кој се уредуваат концесиите.

(9) Доколку договорниот орган одлучи да спроведе посебни постапки, договорот за јавна набавка за вршење дејности од класичниот јавен сектор и секторски дејности ќе се додели со примена на правилата за онаа дејност за која договорот е главно наменет.

(10) Доколку договорниот орган одлучи да спроведе посебни постапки, а објективно е невозможно да се одреди за која дејност договорот е главно наменет тогаш:

а) договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на одредбите за класичниот јавен сектор, доколку една од дејностите е секторска дејност, а останатите се дејности во класичниот јавен сектор;

б) договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на одредбите за секторските дејности, доколку една од дејностите е секторска дејност, а останатите подлежат на примена на законот со кој се уредуваат концесиите и јавно приватните партнерства и

в) договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на одредбите за секторските дејности, доколку една од дејностите е секторска дејност, а останатите не подлежат на примена на овој закон ниту на законот со кој се уредуваат концесиите и јавно приватните партнерства.

Член 21

Комбинирани договори за јавни набавки што вклучуваат аспекти од одбраната и безбедноста

(1) Одредбите на овој закон се применува на комбинираните договори чиј предмет е опфатен со овој закон и со законот со кој се уредуваат набавките во областа на одбраната и безбедноста.

(2) Доколку различните делови од договорот може објективно да се поделат, договорниот орган може за поединечни делови да спроведе посебни постапки или единствена постапка.

(3) Доколку договорниот орган се одлучи за спроведување посебни постапки за поединечните делови, одлуката за тоа кој закон ќе се применува на овие одделни постапки се одредува врз основа на карактеристиките на поединечниот дел.

(4) Доколку договорниот орган одлучи да спроведе единствена постапка, договорот може да се додели со примена на законот со кој се уредуваат набавките во областа на одбраната и безбедноста, под услов спроведувањето единствена постапка да е оправдано од објективни причини.

(5) Одлуката дали да се спроведе единствена постапка или повеќе посебни постапки не смее да се носи со цел исклучување на примената на овој закон или на законот со кој се уредуваат набавките во областа на одбраната и безбедноста.

Поглавје 5

Исклучоци од примена на Законот

Член 22

Јавни набавки за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат за вршење јавни набавки за потребите на дипломатско–конзуларните претставништва на Република Македонија во странство со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги, односно до 50.000 евра во денарска противвредност за работи, освен членовите 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од овој закон.

(2) Јавните набавки за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство со проценета вредност над износите од ставот (1) на овој член се вршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 23

Општи исклучоци

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат на:

1. јавни набавки и конкурси за избор на идејни решенија кои договорниот орган ги спроведува или организира според постапки кои се разликуваат од постапките утврдени со овој закон и кои се утврдени со правен инструмент кој создава меѓународни правни обврски, како меѓународен договор, склучен помеѓу Република Македонија и друга земја и кој вклучува стоки, услуги или работи наменети за заедничко спроведување или користење на проектот од страна на земјите потписнички на тој меѓународен договор;

2. јавни набавки и конкурси за избор на идејни решенија кои ги спроведува или организира договорниот орган според правилата на меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, кога договорот или конкурсот е целосно финансиран од меѓународната организација или меѓународната финансиска институција. Во случај кога договорот или конкурсот е во поголема мера кофинансиран од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, договорниот орган и организацијата, односно институцијата се договараат кои правила ќе се користат;

3. јавни набавки на:

а) услуги за купување или изнајмување земјиште, постоечки згради или друг недвижен имот и права кои произлегуваат од истите,

б) услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги кои ги доделуваат даватели на аудиовизуелни или радиски услуги,

в) термини за радио или телевизиско емитување програма,

г) услуги за арбитража и помирување,

д) услуги за правно застапување странки од страна на адвокати во:

- постапка на арбитража или помирување во Република Македонија, во друга држава или пред меѓународна истанца за арбитража или помирување или

- постапка пред судовите во Република Македонија, судовите, трибуналите или субјектите во доменот на јавното право во друга држава или пред меѓународните судови, трибунали или институции,

ѓ) услуги за правно советување што ги даваат адвокатите при подготовка за која било постапка од точка д) на овој став,

е) нотарски услуги за заверка и потврдување документи,

ж) правни услуги на старатели или именувани законски застапници на малолетни лица или други правни услуги чии даватели ги именувал суд или кои се утврдени со закон за извршување одредени задачи под надзор на суд,

з) други правни услуги кои се поврзани со вршење службени овластувања,

ѕ) финансиски услуги во врска со издавањето, тргувањето или преносот на хартии од вредност или други финансиски инструменти во смисла на материјалните прописи со кои се уредува пазарот на капитал и работењето на Народна банка на Република Македонија,

и) заеми и кредити, без оглед дали се поврзани со издавање, продажба, купување или пренос на хартии од вредност или на други финансиски инструменти,

ј) договори за вработување,

к) услуги што ги обезбедуваат некомерцијални организации или здруженија опфатени со шифрите од ЗПЈН 75250000-3, 75251000-0, 75251100-1, 75251110-4, 75251120-7, 75252000-7, 75222000-8, 98113100-9 и 85143000-3, освен услугите за превоз на пациенти со брза помош,

л) услуги на јавен железнички превоз на патници или превоз на патници со подземна железница;

4. услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во „Службен весник на Република Македонија“ односно во општинско службено гласило да ги обезбедуваат предметните услуги;

5. услуги за истражување и развој, освен оние кои се опфатени со шифрите од ЗПЈН од 73000000-2 до 73120000-9, 73300000-5, 73420000-2 и 73430000-5 во случаите кога корист од нив има исклучиво договорниот орган за своја употреба при вршењето на своите дејности и во целост плаќа за добивањето на тие услуги;

6. јавни набавки и конкурси за избор на идејно решение, доколку ги спроведува договорен орган кој обезбедува поштенски услуги во смисла на член 16 став (3) од овој закон, за извршување на следните активности:

а) услуги со додадена вредност поврзани со електронски средства и кои во целост се извршуваат преку електронски средства (вклучувајќи безбедно пренесување кодирани документи со користење електронски средства, услуги за управување и пренос на препорачана електронска пошта),

б) финансиски услуги опфатени со шифрите од ЗПЈН од 66100000-1 до 66720000-3 и со точката 3 под s) од овој став, особено поштенските уплатници и поштенското безготовинско работење,

в) филателистички услуги или

г) логистички услуги, вклучувајќи ги и услугите кои се комбинираат за физичка испорака или складирање со други вонпоштенски функции;

7. јавни набавки во секторските дејности, кои се вршат заради натамошна продажба или давање под наем на трети лица, под услов договорниот орган да нема никакви посебни или ексклузивни права за продавање или изнајмување на предметот на набавка, а другите субјекти да се слободни да ги продаваат или изнајмуваат според истите услови;

8. јавни набавки и конкурси за избор на идејни решенија кои договорните органи од членот 9 став (1) точки г) и д) на овој закон ги спроведуваат во функција на вршење секторски дејности во странство;

9. јавни набавки чиј предмет е набавка на вода, ако ги доделува договорен орган кој врши една или повеќе секторски дејности од членот 13 став (1) на овој закон и

10. јавни набавки чиј предмет е набавка на енергија или гориво за производство на енергија, ако ги доделува договорен орган кој врши една или повеќе секторски дејности од членот 11 став (1), членот 12 став (1) или членот 17 на овој закон.

Член 24

Јавни набавки помеѓу договорни органи

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат на јавните набавки во класичниот јавен сектор, кој договорниот орган од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон ги врши од правно лице доколку:

а) договорниот орган врз правното лице, самостојно или со други договорни органи, врши контрола слична на контролата што ја врши врз сопствените организациски единици;

б) правното лице кое е под контрола врши повеќе од 80% од своите дејности за исполнување задачи кои му ги доверил еден или повеќе договорни органи кои вршат контрола или кои му ги довериле други правни лица над кои еден или повеќе договорни органи вршат контрола;

в) во правното лице кое е под контрола нема приватен капитал и

г) вредноста на предметот на набавка е иста или пониска од пазарната цена.

(2) Договорниот орган врши контрола слична на контролата што ја врши врз сопствените организациски единици, доколку одлучувачки влијае врз стратешките цели и значајните одлуки на правното лице. Таквата контрола може да се врши и од страна на друго правно лице, кое на ист начин е под контрола од страна на истиот договорен орган.

(3) Одредбите на овој закон не се применуваат и во случаите кога правното лице под контрола кое самото е договорен орган од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон, врши јавна набавка од договорен орган од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон кој го контролира тоа правно лице, или од друго правно лице контролирано од страна на истиот договорен орган, доколку во правното лице од кое се врши јавната набавка нема приватен капитал.

(4) Одредбите на овој закон не се применуваат на склучување договори исклучиво помеѓу два или повеќе договорни органи од членот 9 став (1) точки а), б) и в) на овој закон доколку:

а) со договорот се воспоставува или се спроведува соработка помеѓу договорните органи, со цел да се обезбеди дека јавните услуги што ги обезбедуваат се извршуваат заради постигање заеднички цели;

б) оваа соработка се остварува врз основа на потреби поврзани единствено со јавниот интерес;

в) тие договорни органи остваруваат на пазарот помалку од 20% од дејностите на кои се однесува соработката и

г) вредноста на предметот на набавка е иста или пониска од пазарната цена.

(5) При утврдување на процентот на дејностите од став (1) точка б) и став (4) точка в) од овој член предвид се зема вкупниот просечен промет или друг релевантен фактор поврзан со дејноста, како што се трошоците на правното лице или на договорниот орган во однос на стоките, услугите и работите во период од три години пред склучување на договорот.

(6) Доколку поради датумот на основање, започнување со вршење на дејностите или реорганизација на дејностите на правното лице или договорниот орган, податоците за прометот или за друг релевантен фактор поврзан со дејноста не се достапни или не се повеќе релевантни, доволно е правното лице или договорниот орган да покаже дека податоците се основани, особено во бизнис-планот.

(7) Во случај кога набавката се врши врз основа на овој член, правното лице на кое му е доделен договорот, ги набавува стоките, услугите или работите со примена на овој закон, без оглед дали е договорен орган.

Член 25

Јавни набавки што се вршат од поврзано друштво или од група договорни органи каде што договорниот орган е дел од групата

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат за вршење јавни набавки во секторските дејности:

- на договорен орган од поврзано друштво или
- на група договорни органи формирана исклучиво заради вршење секторска дејност, од друштво кое е поврзано со еден или повеќе договорни органи кои се дел од таа група.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се применуваат само во случај најмалку 80% од просечниот промет на поврзаното друштво за претходните три години да потекнува од обезбедувањето такви стоки, услуги или работи на друштвата кои се поврзани со него.

(3) Поврзано друштво претставува друштво:

- врз кое договорниот орган има, директно или индиректно доминантно влијание,
- кое може да врши доминантно влијание врз договорниот орган или
- кое заедно со договорниот орган е предмет на доминантно влијание од страна на друго друштво.

(4) Доминантно влијание постои кога едниот субјект директно или индиректно:

- е сопственик на поголемиот дел од капиталот во другиот субјект,
- го контролира мнозинскиот број гласови врз основа на акциите или уделите издадени од страна на другиот субјект или
- може да назначи повеќе од половина членови во органите на управување или во надзорниот одбор.

(5) Одредбите на овој закон не се применуваат за вршење јавни набавки во секторските дејности:

- на група договорни органи формирана исклучиво за спроведување секторска дејност од договорен орган кој е негов дел или

- на договорен орган од група договорни органи формирана исклучиво за спроведување секторска дејност во која договорниот орган е дел.

(6) Во случај кога набавката се врши врз основа на овој член, правното лице на кое му е доделен договорот, ги набавува стоките, услугите или работите со примена на овој закон, без оглед дали е договорен орган.

Член 26

Секторски дејности кои се директно изложени на конкуренцијата

(1) Одредбите на овој закон не се применуваат на јавните набавки и конкурсите за избор на идејно решение во секторските дејности доколку договорниот орган докаже пред Комисијата за заштита на конкуренцијата дека дејноста е директно изложена на конкуренција на релевантниот пазар во Република Македонија.

(2) Одлуката за тоа дали дејноста е директно изложена на конкуренција се носи врз основа на одредбите од прописите за заштита на конкуренцијата, а особено: карактеристики на стоките или услугите, постоење алтернативни стоки или услуги кои се заменливи, цени и фактичко или потенцијално присуство на повеќе од еден добавувач.

(3) Релевантен географски пазар за кој се прави проценка на изложеност на конкуренцијата го опфаќа подрачјето на кое одредени економски оператори понудуваат или побаруваат стоки или услуги, каде што условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разликуваат од соседните области, особено поради тоа што условите за конкуренција се значително различни во тие области.

(4) При вршење на проценката особено се земаат предвид видот и карактеристиките на одредени стоки или услуги, постоењето пречки за влез на пазарот или преференции на потрошувачите, значителните разлики на пазарните удели на економски оператори помеѓу одредената и соседните области, односно значителните разлики во цените.

(5) Договорниот орган од член 9 став (1) точки г) и д) од овој закон кој смета дека предметната дејност е директно изложена на конкуренција на пазарот, може да поднесе до Комисијата за заштита на конкуренцијата барање за утврдување директна изложеност на конкуренцијата во смисла на овој закон.

(6) Барањето од ставот (5) на овој член особено содржи:

- наведување на дејноста за која договорниот орган смета дека е директно изложена на конкуренција,
- факти и докази со кои се потврдуваат наводите и
- повикување на одредбите од законите, подзаконските акти и други прописи или договори во врска со исполнувањето на условите од овој член.

(7) Одредбите на овој закон нема да се применуваат на јавните набавки или конкурсите за избор на идејно решение доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата:

- одлучи дека предметната дејност е директно изложена на конкуренција согласно со одредбите на овој закон и прописите за заштита на конкуренцијата во рок од 90 работни дена од денот на поднесување на барањето или
- не одлучи за таква примена во рамките на рокот од алинеја 1 на овој став.

Поглавје 6

Општи правила

Член 27

Услови поврзани со Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација и други меѓународни спогодби

Договорниот орган во постапките за јавни набавки не смее да постапува понеповолно кон економските оператори основани во државите потписнички на Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација, или на друг меѓународен договор или спогодба кои се ратификувани согласно Уставот на Република Македонија.

Член 28

Економски оператори

Секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон.

Член 29

Резервирани договори

(1) Договорниот орган може да го резервира правото на учеството во постапка за јавна набавка на економски оператори чија основна цел е општествена и професионална интеграција на лицата со попреченост или на лицата од социјално ранливите групи и кои ја реинвестираат добивката за таа цел согласно закон.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, најмалку 30% од вработените лица кај економскиот оператор се лица со попреченост или лица од социјално ранливи/исклучени групи, во согласност со прописите од областа на трудот и социјалната заштита.

(3) Економските оператори од ставот (1) на овој член го докажуваат исполнувањето на условот од ставот (2) на овој член со доставување на документ издаден од надлежен орган.

(4) Во случај на резервиран договор, економскиот оператор може да ангажира единствено подизведувачи кои ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член.

(5) Договорниот орган кој има намера да спроведе постапка за резервиран договор го наведува тоа во огласот за јавна набавка и во тендерската документација.

Член 30

Заштита на податоци

(1) Договорниот орган не смее да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација, освен доколку со овој или со друг закон не е поинаку уредено.

(2) Договорниот орган мора да обезбеди заштита на податоците, кои во согласност со прописите за заштита на личните податоци или заштита на класифицираните информации се сметаат за лични или за класифицирани информации.

(3) Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.

(4) Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

(5) По конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката, сите документи од постапката за јавна набавка, освен податоците кои се деловни тајни, класифицирани информации и лични податоци се сметаат за информации од јавен карактер.

(6) Пред конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката не се применуваат прописите кои го уредуваат пристапот до информации од јавен карактер.

Член 31

Комуникација помеѓу договорниот орган и економските оператори

(1) Секоја комуникација и размена на информации согласно со одредбите на овој закон, а особено поднесувањето на понудите или пријавите за учество, се вршат со користење електронски средства преку ЕСЈН.

(2) ЕСЈН, како и неговите технички карактеристики, се недискриминаторски, општо достапни и интероперабилни со производите на информациско - комуникациските технологии за општа употреба и не го ограничува пристапот на економските оператори до постапката за јавна набавка.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН во следниве случаи:

а) доколку поради посебна природа на предметот на набавка, за користење електронски средства преку ЕСЈН би биле потребни одредени алатки, уреди или формати на датотеки што не се широко достапни или што не се поддржани од општо достапниот софтвер;

б) доколку за програмите кои ги поддржуваат форматите на датотеки погодни за опис на понудите се користат формати на датотеки кои не можат да бидат обработени од страна на кој било друг отворен или општо достапен софтвер, или доколку истите се заштитени со лиценца и договорниот орган не може да обезбеди нивно преземање или користење оддалеку;

в) доколку со тендерската документација се бара поднесување мостри и макети кои не може да се поднесат по електронски пат и

г) кај постапката со преговарање без објавување оглас, конкурсот за избор на идејно решение, набавката на посебни услуги, како и при водењето преговори или дијалог во постапките што вклучуваат фаза на преговори или дијалог.

(4) Комуникацијата која согласно со случаите од став (3) на овој член не се врши со користење електронски средства преку ЕСЈН, се врши лично, преку овластен давател на поштенски услуги или преку друга соодветна курирска служба или во комбинација со користење електронски средства преку ЕСЈН.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН при поднесувањето на понудата, доколку користењето друг начин на комуникација е неопходен, поради нарушување на безбедноста на ЕСЈН, или поради заштита на безбедносно-осетливи информации кои бараат ниво на заштита кое не може соодветно да се обезбеди со користење електронски средства преку ЕСЈН.

(6) Договорниот орган, кој согласно став (3) на овој член дозволува поднесување на понудата со користење други средства за комуникација ги образложува причините за таквата одлука.

(7) Понудите и пријавите за учество може да се разгледуваат само по истекот на рокот за нивното поднесување.

(8) Договорниот орган прифаќа електронски потписи согласно со прописите што ја уредуваат електронската идентификација.

(9) За користење на ЕСЈН, договорните органи и економските оператори плаќаат надоместоци според тарифник кој го донесува министерот за финансии.

(10) Средствата остварени од наплата на надоместоците се приход на Бирото за јавни набавки кои се користат за унапредување и развој на системот на јавни набавки.

(11) Начинот на користење на ЕСЈН го пропишува министерот за финансии.

(12) Корисниците на ЕСЈН се исклучиво одговорни за точноста на внесените податоци во ЕСЈН.

Член 32

Номенклатура

(1) Во постапките за јавни набавки се користи номенклатурата од ЗПЈН.

(2) Владата го донесува ЗПЈН.

Член 33

Општи мерки за спречување на корупцијата

(1) Договорниот орган е должен да ги преземе сите потребни мерки во процесот на планирање, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот, со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата.

(2) Одговорното лице и другите раководни лица кај договорниот орган се должни на лицата за јавни набавки сите наредби и упатства да им ги дадат во писмена форма или со користење електронска пошта.

(3) Лицето за јавни набавки е должно во писмена форма да го одбие извршувањето на наредбата и упатството од одговорното или други раководни лица кај договорниот орган, ако истото е спротивно на овој закон.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, лицето за јавни набавки не смее да биде префрлено на друго работно место ниту да му се прекине работниот однос во период од дванаесет месеци од денот на одбивање на извршување на наредбата, под услов да ги извршува работните обврски во согласност со закон.

Член 34

Пријавување корупција

(1) Лицето за јавни набавки или кое било друго лице ангажирано кај договорниот орган, како и секое заинтересирано лице кое има информации за сторена корупција е должно за тоа да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата или Јавното обвинителство на Република Македонија.

(2) На лицето од став (1) на овој член не смее да му биде прекинат работниот однос, односно не смее да биде префрлено на друго работно место бидејќи пријавило корупција во јавните набавки постапувајќи совесно и со добра намера.

Член 35

Забрана за ангажман кај носителот на набавка

(1) Лице од договорниот орган кое учествувало во постапки за јавни набавки, каде што вкупната вредност на договорите доделени на одреден носител на набавка во последната година пред престанок на функцијата или на работниот однос е поголема од 5% од вкупната вредност на сите договори кои договорниот орган ги склучил во тој период, или со него поврзани лица, не смее во рок од две години од престанокот на функцијата или на работниот однос кај договорниот орган:

а) да заснова работен однос, да склучи договор на дело или на кој било друг начин да биде ангажирано кај тој носител на набавка или кај субјекти поврзани со носителот на набавка;

б) посредно или непосредно да прима паричен надоместок или да оствари каква било друга корист од носителот на набавка или со него поврзани субјекти, и/или

в) да стекне удел или акции кај носителот на набавка или кај субјект поврзан со носителот на набавка.

(2) Во случај на повреда на одредбите од став (1) на овој член, договорниот орган ја известува за тоа Државната комисија за спречување на корупцијата и Јавното обвинителство на Република Македонија.

Член 36

Заштита на интегритетот на постапката

(1) Лицата кои учествуваат во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група понудувачи во постапката за јавна набавка.

(2) Учеството во техничкиот дијалог не се смета за учество во изработка на тендерската документација во смисла на ставот (1) на овој член.

Член 37

Примена на Законот за спречување судир на интереси

За спречување судир на интересите во постапките за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

Член 38

Изјава за непостоење судир на интереси

(1) Во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка (во натамошниот текст: комисијата), како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

(2) Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата, истите се повлекуваат од работа во комисијата, за што го известуваат одговорното лице, и се заменуваат со други лица.

(3) Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или раководните службеници кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот, за што го известува органот на управување или органот кој е надлежен за контрола на неговото работење.

Поглавје 7

Општи правила за примена на Законот

Член 39

Пресметување на проценетата вредност

(1) Договорниот орган ја проценува вредноста на договорот за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, без вклучен ДДВ, земајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално продолжување или зголемување на вредноста на договорот, доколку тие можат да се предвидат во моментот на вршење на проценката.

(2) Доколку договорниот орган предвидува можност за доделување одредени награди или надоместоци за економските оператори, истите ги вклучува во проценетата вредноста на договорот за јавна набавка.

(3) Доколку договорниот орган има одделни организациски единици, проценетата вредност се пресметува со собирање на проценета вредност на договорите на сите поединечни организациски единици. Доколку одделна организациска единица е самостојно одговорна за своите постапки за јавни набавки или за одредени видови јавни набавки, проценетата вредност може да се постави на ниво на одредена единица. Организациската единица е самостојно одговорна за своите постапки за јавни набавки, доколку самостојно ги презема правата и обврските.

(4) Проценетата вредност на договорот за јавна набавка се пресметува при изготвување на годишниот план за јавни набавки. Договорниот орган, пред донесување на одлуката за јавна набавка, ја прилагодува проценетата вредност на конкретниот договор за јавна набавка утврдена во годишниот план за јавни набавки, доколку настанат промени во вредноста.

(5) Кај рамковната спогодба и динамичниот систем за набавки, договорниот орган ја зема предвид максималната проценета вредност без вклучен ДДВ на сите договори, предвидени за целото времетраење на рамковната спогодба или на динамичниот систем за набавки.

(6) Кај партнерството за иновации, договорниот орган ја зема предвид максималната проценета вредност без вклучен ДДВ за истражувачки и развојни дејности, кои ќе се вршат во сите фази од предвиденото партнерство, како и максималната проценета вредност без вклучен ДДВ на стоките, услугите или работите што ќе се набават на крајот од предвиденото партнерство.

(7) Вкупната вредност на договорот за јавна набавка на работи се одредува така што се земаат трошоците за изведување на градежните активности и вкупната проценета вредност на сите стоки и услуги кои се неопходни за извршување на договорот и кои му се ставени на располагање на изведувачот од страна на договорниот орган.

(8) Ако договорниот орган набавува стоки, услуги или работи со доделување повеќе договори во вид на посебни делови од една постапка за јавна набавка, проценетата вредност се определува како збир на сите делови од постапката за доделување договор за јавна набавка.

(9) Ако договорниот орган доделува договор за јавна набавка на стоки или услуги кој треба да се продолжи во определен временски период, проценувањето на вредноста на овој договор се врши врз основа на:

- вкупната реализирана вредност на сите последователно слични договори за набавки од ист вид доделени во претходните 12 месеци, прилагодени, доколку е возможно, со промените во количини или вредности кои би можеле да се случат во текот на 12 месеци по склучување на договорот, или

- вкупната проценета вредност на сите последователно слични договори за набавки кои се очекува да бидат доделени во следните 12 месеци, започнувајќи од моментот на првата испорака или во текот на финансиската година доколку таа е подолга од 12 месеци.

(10) Проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки преку купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката, зависи од времетраењето на соодветниот договор, и тоа:

- во случај на договор со фиксен рок со времетраење до 12 месеци, проценетата вредност се пресметува земајќи ги предвид сите исплати што треба да се извршат за времетраењето на договорот;

- во случај на договор со фиксен рок со времетраење подолго од 12 месеци, проценетата вредност се пресметува земајќи ги предвид сите исплати што треба да се извршат за времетраењето на договорот, вклучувајќи ја и проценетата резидуална вредност на стоките, или

- во случај на договор чие времетраење не може да се одреди во моментот на вршење на проценката, проценетата вредност се пресметува со множење на месечната вредност што треба да се плати со бројот 48.

(11) Ако договорниот орган доделува договор за јавна набавка на осигурителни услуги, проценетата вредност на овие договори за услуги се пресметува врз основа на осигурителните премии што треба да се платат, како и сите други форми на надоместоци што се однесуваат на соодветните услуги.

(12) Ако договорниот орган доделува договор за јавна набавка на банкарски услуги или други финансиски услуги, проценетата вредност на овој договор за услуги се пресметува врз основа на давачки, провизии, камати и сите други форми на надоместоци што се однесуваат на соодветните услуги.

(13) Ако договорниот орган доделува договор за јавна набавка на услуги за изработка на проект или план од областа на просторното или урбанистичкото планирање, архитектурата или градежништвото, проценетата вредност на овој договор за услуги се пресметува врз основа на давачки или провизии што се плаќаат, како и сите други форми на надоместоци што се однесуваат на соодветните услуги.

(14) Ако договорниот орган доделува договор за јавна набавка на услуги чија вкупна проценета вредност не може да се предвиди, но може да се процени просечниот месечен надомест, тогаш начинот на проценување на вредноста зависи од времетраењето на договорот, и тоа:

- во случај на договор со фиксен рок, доколку времетраењето на договорот не надминува 48 месеци, проценетата вредност се пресметува земајќи го предвид целокупното времетраење на договорот или
- во случај на договор без фиксен рок или доколку времетраењето на договорот надминува 48 месеци, проценетата вредност се пресметува со множење на месечната проценета вредност со бројот 48.

(15) Министерот за финансии ги пропишува видовите градежни активности кои се предмет на договорот за јавна набавка на работи.

Член 40

Вредносни прагови за примена на Законот

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без данокот на додадена вредност (во натамошниот текст: ДДВ) е еднаква или поголема од:

а) во класичниот јавен сектор:

- 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение,
- 5.000 евра во денарска противвредност за работи и
- 10.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги.

б) во секторските дејности:

- 2.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение кај договорните органи од член 9 став (1) точка г) од овој закон,
- 10.000 евра во денарска противвредност за работи кај договорните органи од член 9 став (1) точка г) од овој закон,
- 20.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги, освен услугите опфатени со шифрата од ЗПЈН 79713000-5 кај договорните органи од членот 9 став (1) точка г) од овој закон,
- 400.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение кај договорните органи од член 9 став (1) точка д) од овој закон,
- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи кај договорните органи од член 9 став (1) точка д) и
- 1.000.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги кај договорните органи од член 9 став (1) точка д) од овој закон.

(2) Договорниот орган не смее да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање пониска вредност од реалната вредност на набавката, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со овој закон.

(3) Договорниот орган не смее да врши делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон.

(4) Во случај на потреба од набавка за која веќе е спроведена постапката за јавна набавка во тековната година, а која не можела да се предвиди во моментот на нејзиното спроведување, договорниот орган ја зема предвид вкупната проценета вредност на соодветната потреба при избор на видот на постапка.

(5) Набавките со вредност под вредносните прагови од ставот (1) на овој член, договорниот орган од член 9 став (1) точки а), б), в) и г) од овој закон ги внесува во квартална евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.

(6) Вкупната вредност на набавките под вредносните прагови од ставот (1) на овој член кај договорните органи од член 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година, додека кај договорните органи од член 9 став (1) точка г) од овој закон 24.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Член 41

Обврска за објавување

(1) Огласите и известувањата од член 63 од овој закон за постапките чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или повисока од вредностите од член 40 став (1) од овој закон се објавуваат во ЕСЈН.

(2) Огласот за јавна набавка кај поедноставената отворена постапка, отворената постапка, ограничената постапка, конкурентната постапка со преговарање, постапката со преговарање со објавување оглас, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации се објавуваат и во „Службен весник на Република Македонија“.

(3) Огласот за јавна набавка и огласот за конкурс за избор на идејно решение се објавува и во Службеното гласило на Европската унија, доколку проценетата вредност без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од:

а) во класичниот јавен сектор:

- 130.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и за конкурси за избор на идејно решение,
- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи,
- 750.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги и

б) во секторските дејности:

- 400.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и за конкурси за избор на идејно решение,
- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи и
- 1.000.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги.

(4) Во случаите од ставот (2) на овој член, рокот за поднесување понуда или пријава за учество се смета од денот на објавувањето во ЕСЈН.

(5) За објавување оглас за јавна набавка за секторските дејности може да се користи и:

а) периодично индикативно известување во согласност со член 66 од овој закон, кај ограничена постапка и кај постапка со преговарање со објавување оглас и

б) оглас за воспоставување квалификациски систем во согласност со член 67 од овој закон, кај ограничена постапка, постапка со преговарање со објавување оглас, конкурентен дијалог или партнерство за иновации.

(6) Во случаите од став (5) точка а) на овој член, договорниот орган ги поканува економските оператори кои го изразиле својот интерес во постапката за јавна набавка по објавувањето на периодичното индикативно известување, за да го потврдат својот интерес во согласност со член 73 од овој закон.

Член 42

Достапност на тендерската документација во електронска форма

(1) Договорниот орган ја прави достапна тендерската документација на секој заинтересиран економски оператор со користење електронски средства заради директен и целосен пристап преку ЕСЈН истовремено со објавување на огласот за јавна набавка и со поканата од членот 73 од овој закон. Тендерската документација се прикачува во формат кој економските оператори може директно да го користат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган ја прави достапна тендерската документација во хартиена форма или на магнетен медиум само во случај:

- ЕСЈН да не го поддржува видот на форматот во кој е изработена тендерската документација или нејзин дел, за што пополнува образложение во ЕСЈН или
- при објавување оглас за доделување договор за јавно приватно партнерство.

(3) Во случаите од став (2) алинеја 1 на овој член, договорниот орган ги образложува причините во ЕСЈН.

(4) За добивање на тендерската документација не се наплаќа надоместок.

Глава II

БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 43

Статус

(1) Работите во врска со развојот на системот на јавните набавки, како и обезбедувањето рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки ги врши Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Бирото), како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии.

(2) Бирото има својство на правно лице.

(3) Средствата за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени приходи.

Член 44

Раководење со Бирото

(1) Со работата на Бирото раководи директор кој го претставува Бирото, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите и презема мерки во надлежност на Бирото согласно со закон.

(2) Директорот го именува и разрешува Владата на предлог на министерот за финансии, со мандат од четири години.

(3) За директор на Бирото може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото или економијата и

4. има работно искуство од најмалку седум години од кои најмалку пет години од областа на јавните набавки;

5. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(4) На директорот му престанува мандатот:

- со истекот на мандатот,
- со исполнување на условите за пензија и
- во случај на смрт.

(5) Директорот може да биде разрешен и пред завршувањето на мандатот од ставот (2) на овој член ако:

- тоа сам го побара,
- со разрешување од Владата на предлог на министерот,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што ја утврдува Владата,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или директор на Бирото за јавни набавки.

Член 45

Надлежности на Бирото

(1) Бирото ги врши следниве работи:

- иницира предлози за донесување законски и други акти од областа на јавните набавки до министерот за финансии,
- го следи и анализира спроведувањето на овој законот и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки,
- дава мислења во врска со одредбите и примената на овој закон и ги прави достапни до јавноста на неговата веб-страница,
- изготвува прирачници и брошури за правилата за јавни набавки,
- дава мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас согласно условите од овој закон,
- врши управна контрола согласно со условите од овој закон,
- изготвува инструкции како интерни упатства за внатрешната организација на БЈН при вршење управна контрола,
- ги управува, развива и унапредува Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН) и електронскиот пазар за мали јавни набавки,
- развива нови електронски алатки за зголемување на транспарентноста, ефикасноста и економичноста на постапките за јавни набавки,
- управува со базата на податоци од постапките за јавни набавки и истата ја прави достапна до јавноста преку ЕСЈН,
- ги обработува и анализира податоците за јавни набавки и подготвува статистички извештаи,

- за констатираните неправилности од добиените известувања веднаш ги информира договорните органи, а по потреба и надлежните органи,
- оневозможува користење на ЕСЈН на корисниците кои не ги извршуваат своите обврски кон ЕСЈН согласно со одредбите од овој закон,
- презема корективни дејствија во случај на техничка грешка на ЕСЈН, пад или недостапност на ЕСЈН и по одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки,
- ја отстранува објавената негативна референца на економски оператор врз основа на одлука на надлежен орган или на барање на договорниот орган придружено со изјава од лицето кое ја издало негативната референца дадена пред надлежен орган за сторена техничка грешка,
- ги анализира образложенијата на договорниот орган согласно со членот 31 став (6) и членот 42 став (3) од овој закон и доколку истите не се основани му укажува на договорниот орган за стореното пропуст,
- предлага на министерот за финансии кодекс на однесување при спроведување на јавните набавки,
- подготвува модели на тендерска документација и модели на формулари за постапките регулирани со овој закон,
- утврдува минимални услови за професионалните квалификации за лицата кои вршат стручни работи за јавните набавки,
- организира и врши обука за едукација на службеници и на други стручни лица во врска со јавните набавки,
- изготвува инструкции како интерни упатства за подготовка и спроведување на едукацијата за јавни набавки и обуката за обучувачи за јавни набавки кои се објавуваат на неговата веб-страница,
- соработува со договорните органи од членот 9 на овој закон и со економските оператори, професионални институции за истражување, здруженија или со експерти за одделни области, во врска со јавните набавки,
- соработува со меѓународните институции и други странски субјекти за работите поврзани со развојот на системот на јавните набавки, ја планира и ја координира странската техничка помош на полето на јавните набавки,
- поднесува годишен извештај до Владата за неговите активности во функционирањето на системот на јавните набавки и
- врши други работи утврдени со овој закон.

(2) Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки го донесува министерот за финансии.

Член 46

Едукација за јавни набавки

(1) Бирото подготвува и спроведува едукација за јавни набавки и издава потврди за положен испит за лице за јавни набавки, за што води регистар кој е јавно достапен на веб-страницата на Бирото.

(2) На едукацијата за јавни набавки предаваат обучувачи кои имаат потврда за обучувачи што ја издава Бирото врз основа на положен испит за обучувачи.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, Бирото може да издаде потврда за обучувач без положен испит за обучувач на лицата кои имаат најмалку 3 години работен стаж на стручни работи од областа на јавни набавки во Бирото и во стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

(4) Учесниците во едукацијата плаќаат надоместок кој се утврдува со тарифник кој го донесува министерот за финансии. Надоместокот се утврдува врз основа на трошоците за организирање и спроведување на едукацијата.

(5) По завршената едукација се полага испит според програма за едукација за јавни набавки.

(6) Директорот на Бирото формира комисија која се грижи за спроведување на едукацијата и испитот, при што комисијата за спроведување едукација за обучувачи е составена од раководни административни службеници од редот на вработените во Бирото кои работат на стручни работи од областа на јавните набавки.

(7) Потврдата за положен испит за лице за јавни набавки е со важност од три години, а потврдата за обучувач е со важност од две години од денот на нејзиното издавање.

(8) Потврдата за положен испит за лице за јавни набавки се продолжува за дополнителни три години со посетување обука за продолжување на потврдата и полагање испит за продолжување на потврдата за лице за јавни набавки.

(9) Потврдата за положен испит за обучувач за јавни набавки се продолжува за дополнителни две години со посетување обука за продолжување на потврдата и полагање испит за продолжување на потврдата за обучувач за јавни набавки.

(10) Лицата за јавни набавки и обучувачите за јавни набавки поднесуваат пријава за посетување на соодветната обука до Бирото најдоцна до истекот на потврдата, во спротивно истата нема да се обнови.

(11) Програмата за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки ги пропишува министерот за финансии.

Глава III

ПРАВИЛА ЗА ВРШЕЊЕ ЈАВНИ НАБАВКИ

Поглавје 1

Постапки

Член 47

Видови постапки

Договорниот орган, на начин и под услови утврдени со овој закон, ги користи следниве постапки за јавни набавки:

а) набавка од мала вредност;

б) поедноставена отворена постапка;

в) отворена постапка;

г) ограничена постапка;

д) конкурентна постапка со преговарање;

ѓ) конкурентен дијалог;

е) партнерство за иновации;

ж) постапка со преговарање без објавување оглас и

з) постапка со преговарање со објавување оглас.

Член 48

Набавка од мала вредност

(1) Договорниот орган може да врши набавки од мала вредност на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност и на работи до 20.000 евра во денарска противвредност.

(2) Набавката од мала вредност се врши:

- со објавување оглас за набавка од мала вредност, при што минималниот рок за поднесување на понудите е седум дена од денот на објавување на огласот или
- преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН, за набавка на стандардни стоки и услуги.

(3) Во случаите од ставот (2) алинеја 1 на овој член, секој економски оператор има право да поднесе понуда по објавениот оглас за јавна набавка.

(4) Во случаите од ставот (2) алинеја 2 на овој член, договорниот орган ја избира понудата со најниска цена која е во согласност со барањата и условите од краткиот опис на предметот на набавка.

(5) Договорниот орган објавува известување на електронскиот пазар на набавки од мала вредност за намерата да изврши набавка најмалку 48 часа пред да ја реализира набавката, при што дава краток опис на предметот на набавка.

(6) Кај набавката од мала вредност договорниот орган го утврдува единствено условот за вршење професионална дејност.

(7) Министерот за финансии подетално ги пропишува видовите набавки и начинот на вршење набавки од мала вредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН.

Член 49

Поедноставена отворена постапка

(1) Договорниот орган може да спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност и на работи до 500.000 евра во денарска противвредност.

(2) Во поедноставената отворена постапка, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда врз основа на објавениот оглас за јавна набавка.

(3) Во прилог на понудата се доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

(4) Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

(5) Договорниот орган ги прифаќа документите за утврдување на способност од ставот (4) на овој член кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

(6) Минималниот временски рок за поднесување на понудите е 15 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.

Член 50

Отворена постапка

(1) Отворената постапка се спроведува во една фаза и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда со потребната документација за утврдување способност и сета друга документација согласно со условите од тендерската документација.

(2) Минималниот временски рок за поднесување на понудите е 30 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку договорниот орган објавил претходно информативно известување, а кај јавните набавки од секторските дејности периодично индикативно известување кое не се користи како замена за оглас за јавна набавка, минималниот временски рок за поднесување на понудите е 20 дена, доколку:

а) во претходното информативно известување или периодичното индикативно известување биле наведени сите информации кои ги содржи огласот за јавна набавка, што биле познати во моментот на објавувањето и

б) претходното информативно известување или периодичното индикативно известување е објавено најмалку 35 дена, а најмногу 12 месеци пред датумот на објавување на огласот за јавна набавка.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку поради итни причини кои договорниот орган соодветно ќе ги образложи во одлуката за јавна набавка, не може да се запази рокот од истиот, договорниот орган може да определи рок кој нема да е пократок од 20 дена од датумот на објавување на огласот за јавна набавка.

Член 51

Ограничена постапка

(1) Ограничената постапка се спроведува во две фази и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка.

(2) Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност според условите од тендерската документација за првата фаза.

(3) Минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки од класичниот јавен сектор е 30 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка.

(4) Временскиот рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки од секторските дејности по правило нема да е пократок од 30 дена од датумот кога е објавен огласот за јавната набавка, а доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка, рокот по правило нема да е пократок од 30 дена од денот на испраќање на поканата за потврдување на интересот за учество, но во ниту еден случај не смее да е пократок од 15 дена.

(5) По завршување на првата фаза, комисијата изготвува извештај за оценување на способноста на кандидатите и листа на квалификувани кандидати.

(6) Врз основа на извештајот на комисијата, договорниот орган донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за поднесување понуди, при што понуда во втората фаза може да поднесат само избраните кандидати.

(7) Договорниот орган може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да поднесат понуда во втората фаза, врз основа на објективни и недискриминаторски критериуми утврдени во тендерската документација.

(8) Минималниот временски рок за поднесување на понудите кај класичниот јавен сектор е 25 дена од датумот на испраќање на поканата за поднесување понуда.

(9) Рокот за поднесување понуда кај јавните набавки во секторските дејности може да се утврди со меѓусебен договор помеѓу договорниот орган и избраните способни кандидати, при што истите мора да имаат на располагање ист временски период за

подготвување и поднесување на понудата. Во отсуство на ваков меѓусебен договор, минималниот рок за поднесување на понудите во втората фаза е десет дена од денот на испраќањето на поканата за поднесување понуда.

(10) Доколку договорниот орган објавил претходно информативно известување, минималниот временски рок за поднесување на понудите од ставот (8) на овој член може да се намали на десет дена, доколку:

а) во претходното информативно известување или периодичното индикативно известување да биле наведени сите информации кои ги содржи огласот за јавна набавка, што биле познати во моментот на објавувањето и

б) претходното информативно известување или периодичното индикативно известување да е објавено најмалку 35 дена, а најмногу 12 месеци пред датумот на објавување на огласот за јавна набавка.

(11) По исклучок од ставовите (3), (4) и (8) на овој член, доколку поради итни причини кои договорниот орган соодветно ќе ги образложи во одлуката за јавна набавка не може да се запазат роковите од овој член, договорниот орган може да определи рок кој нема да е пократок од:

а) 15 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка како рок за поднесување на пријавите за учество во првата фаза и

б) десет дена од денот кога на избраните кандидати им била испратена покана за поднесување понуда како рок за поднесување на понудите во втората фаза.

Член 52

Конкурентна постапка со преговарање

(1) Договорниот орган може да користи конкурентна постапка со преговарање само за јавните набавки во класичниот јавен сектор и тоа во следниве случаи:

а) за набавка на стоки, услуги или работи, доколку:

- потребите на договорниот орган не може да се реализираат без прилагодување на веќе достапни решенија,
- предметот на набавка вклучува дизајнерски или иновативни решенија,
- поради специфични околности во врска со видот, сложеноста или правната и финансиската рамка или поради придружните ризици, договорот за јавна набавка не може да се додели без претходни преговори или
- договорниот орган не може доволно прецизно да ги одреди техничките спецификации согласно со условите од овој закон;

б) за набавка на стоки, услуги или работи, за кои во поедноставена отворена, отворена или во ограничена постапка се поднесени најмалку две понуди и сите:

- не се во согласност со тендерската документација,
- пристигнале со задоцнување,
- имаат невообичаено ниска цена или
- ги надминуваат обезбедените средства на договорниот орган. Во случаите од оваа точка, договорниот орган нема обврска да објавува оглас доколку во постапката ги вклучи сите понудувачи што ги исполнуваат условите за учество и за кои не постојат причини за исклучување, и кои во претходната поедноставена отворена постапка, отворена постапка или ограничена постапка поднеле понуда во согласност со формалните барања на постапката за јавна набавка.

(2) Во конкурентната постапка со преговарање секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка.

(3) Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност според условите од тендерската документација за првата фаза.

(4) Договорниот орган го утврдува предметот на набавка во тендерската документација, со опис на неговите потреби и бараните карактеристики на стоките, услугите или работите што се набавуваат, како и критериумите за избор на најповолна понуда. Договорниот орган наведува и со кои елементи од описот се утврдуваат минималните услови кои мора да ги исполнат економските оператори. Наведените информации треба да бидат доволно прецизни за да им овозможат на економските оператори да го идентификуваат видот и обемот на бараните решенија и да одлучат дали да се пријават за учество во постапката.

(5) Минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество е 30 дена од денот на објавување на огласот за јавна набавка, додека минималниот временски рок за поднесување на првичните понуди е 25 дена од денот на испраќање на поканата за поднесување првична понуда.

(6) Доколку договорниот орган објавил претходно информативно известување, минималниот временски рок за поднесување на понудите од ставот (5) на овој член може да се намали на десет дена, доколку:

а) во претходното информативно известување или периодичното индикативно известување да биле наведени сите информации кои ги содржи огласот за јавна набавка, што биле познати во моментот на објавувањето и

б) претходното информативно известување или периодичното индикативно известување да е објавено најмалку 35 дена, а најмногу 12 месеци пред датумот на објавување на огласот за јавна набавка.

(7) По исклучок од ставот (5) на овој член, доколку поради итни причини кои договорниот орган соодветно ќе ги образложи во одлуката за јавна набавка не може да се запазат роковите од овој член, договорниот орган може да определи рок кој нема да е пократок од:

а) 15 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка како рок за поднесување на пријавите за учество во првата фаза и

б) десет дена од денот кога на избраните кандидати им била испратена покана за поднесување понуда како рок за поднесување на понудите во втората фаза.

(8) По завршување на првата фаза, комисијата изготвува извештај за оценување на способноста на кандидатите и листа на квалификувани кандидати.

(9) Врз основа на извештајот на комисијата договорниот орган донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за поднесување првична понуда.

(10) Првична понуда, која е основа за натамошни преговори, може да поднесат само оние кандидатите кои ќе ги покани договорниот орган по оценувањето на нивната способност.

(11) Договорниот орган може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да поднесат првична понуда, врз основа на објективни и недискриминаторски критериуми утврдени во тендерската документација.

(12) Со цел да се подобри содржината на понудите, договорниот орган преговара со понудувачите за почетната и сите наредни понуди, освен во случај на конечна понуда. Минималните услови и критериумите за избор на најповолна понуда не се предмет на преговори.

(13) Договорниот орган може, врз основа на првичната понуда, да додели јавна набавка без преговори, доколку во огласот за јавни набавки ја навел таа можност.

(14) Договорниот орган мора да обезбеди еднаков третман на сите понудувачи во преговорите и информациите не смее да ги обезбеди на дискриминаторски начин, поради што некои учесници би имале предност во однос на другите.

(15) Сите понудувачи вклучени во следната фаза, договорниот орган писмено ги информира за сите промени во техничките спецификации или во другите делови од описната документација, освен минималните услови и критериумите за избор на најповолна понуда. По сторените измени, договорниот орган треба да обезбеди доволно време понудувачите да може да ги подготват и поднесат изменетите понуди, доколку е потребно.

(16) Договорниот орган не смее без согласност на кандидатот кој учествува во преговорите да ги открие неговите доверливи информации на другите учесници. Оваа согласност мора да се однесува на информациите кои договорниот орган има намера да ги проследи на останатите кандидати или понудувачи.

(17) Во конкурентната постапка со преговарање, договорниот орган може да предвиди преговорите да се одвиваат во последователни фази со цел да се намали бројот на понуди за кои се преговара, што го наведува во огласот за јавна набавка или во описната документација.

(18) Кога договорниот орган има намера да ги заврши преговорите, ги информира другите понудувачи за последниот круг од преговорите и го одредува рокот за поднесување какви било нови или изменети понуди, освен доколку бројот на кругови го објавил во огласот за јавна набавка или во тендерската документација, или доколку преговара само со еден понудувач.

(19) По приемот на конечните понуди, договорниот орган проверува дали тие се во согласност со минималните барања, и го доделува договорот за јавна набавка врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда.

Член 53

Конкурентен дијалог

(1) Конкурентниот дијалог се спроведува во три фази, и тоа:

- фаза на претквалификација,
- фаза на дијалог и
- фаза на поднесување конечна понуда.

(2) Договорниот орган може да користи конкурентен дијалог доколку се исполнети следниве услови:

а) за набавка на стоки, услуги или работи доколку:

- потребите на договорниот орган не може да се реализираат без прилагодување на веќе достапни решенија,
- предметот на набавка вклучува дизајнерски или иновативни решенија,
- поради специфични околности во врска со природата, сложеноста или правната и финансиската структура или ризиците кои произлегуваат од тоа, договорот за јавна набавка не може да се додели без претходни преговори или
- договорниот орган не може доволно прецизно да ги одреди техничките спецификации согласно со условите од овој закон;

б) за набавка на стоки, услуги или работи за кои во отворена или во ограничена постапка се поднесени најмалку две понуди и сите:

- не се во согласност со тендерската документација,
- пристигнале со задоцнување,
- имаат невообичаено ниска цена или

- ги надминуваат обезбедените средства на договорниот орган. Во случаите од оваа точка, договорниот орган нема обврска да објави оглас доколку во постапката ги вклучи сите понудувачи кои ги исполнуваат условите за учество и за кои не постојат причини за исклучување и кои во претходната отворена или ограничена постапка поднеле понуда во согласност со формалните барања на постапката за јавна набавка.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кај јавните набавки од секторските дејности, постапката со конкурентен дијалог може да се користи како редовна постапка без претходно утврдување на исполнетоста на условите од ставот (2) на овој член.

(4) Во постапката со конкурентен дијалог секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, кон која ја приложува потребната документација за утврдување способност.

(5) Минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество е 30 дена од денот на објавување на огласот за јавна набавка.

(6) Временскиот рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки од секторските дејности по правило нема да е пократок од 30 дена од денот на објавување на огласот за јавната набавка, но во ниту еден случај не смее да е пократок од 15 дена.

(7) По завршување на првата фаза, комисијата изготвува извештај за оценување на способноста на кандидатите и листа на квалификувани кандидати.

(8) Врз основа на извештајот на комисијата договорниот орган донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за учество во дијалогот.

(9) Во дијалогот може да учествуваат само оние кандидати кои ќе ги покани договорниот орган по оценка на нивната способност.

(10) Договорниот орган може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во фазата на дијалог.

(11) Во постапката со конкурентен дијалог договорот се доделува исклучиво според критериумот на најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

(12) Договорниот орган ги наведува своите потреби и услови во огласот за јавна набавка, кои подетално ги дефинира во тендерската документација за првата фаза, како и критериумите за избор на најповолна понуда и индикативна временска рамка.

(13) Договорниот орган започнува дијалог со способните кандидати на кој може да се дискутира за сите аспекти на јавната набавка заради утврдување и дефинирање на најсоодветните начини за задоволување на неговите потреби.

(14) Договорниот орган мора да обезбеди еднаков третман на сите учесници во дијалогот и информациите не смее да ги обезбедува на дискриминаторски начин, поради што некои учесници би имале предност во однос на другите.

(15) За секој состанок договорниот орган води записник за прашањата што биле предмет на дијалог. Записникот го потпишува и избраниот кандидат со кој е воден дијалогот.

(16) Договорниот орган не смее без согласност на кандидатот кој учествува во дијалогот да ги открие неговите предложени решенија или други доверливи информации на другите учесници. Оваа согласност мора да се однесува на информациите кои договорниот орган има намера да ги открие на останатите кандидати.

(17) Договорниот орган може да предвиди постапката да се одвива во последователни фази со цел да се намали бројот на можни решенија со примена на критериумите за избор на најповолна понуда, што го наведува во огласот за јавна набавка или во тендерската документација.

(18) Договорниот орган го продолжува дијалогот додека не најде едно или повеќе решенија кои можат да ги исполнат неговите потреби.

(19) Кога договорниот орган ќе го заврши дијалогот и за тоа ќе ги информира учесниците кои учествувале во последниот дел од дијалогот, секој од нив го поканува да поднесе конечна понуда врз основа на договореното решение или решенија, кои биле презентирани и подетално утврдени во текот на дијалогот.

(20) Конечната понуда мора да ги содржи сите елементи потребни и неопходни за спроведување на проектот.

(21) Договорниот орган може да побара од понудувачот да ја појасни конечната понуда, подетално да ја определи и да ја оптимизира, но тоа не смее да вклучува измени на основните елементи на понудата или на тендерската документација.

(22) Договорниот орган ги оценува поднесените понуди врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда од огласот и од тендерската документација.

(23) Договорниот орган, со понудувачот за кој утврдил дека поднел понуда која претставува најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, може да преговара за потврдување на финансиските обврски или други услови од понудата со финализирање на условите од договорот, под услов да не се променат основните елементи на понудата, вклучувајќи ги потребите и барањата од тендерската документација и да не се нарушува конкуренцијата или да има дискриминаторски ефект.

(24) Договорниот орган во тендерската документација може да го утврди износот на наградите или исплатите за учесниците во дијалогот.

Член 54

Партнерство за иновации

(1) Договорниот орган може да користи партнерство за иновации доколку има потреба од иновативни стоки, услуги или работи, која не може да се задоволи и со набавка на стоки, услуги или работи кои се веќе достапни на пазарот. Договорниот орган ги утврдува причините и потребата од иновативни стоки, услуги или работи во тендерската документација, како и минималните барања во поглед на предметот на набавка, и минималните услови за утврдување способност кои треба да бидат доволно прецизни за да им овозможат на економските оператори да го идентификуваат видот и обемот на бараните решенија и да одлучат дали да се пријават за учество во постапката.

(2) Во постапката за партнерство за иновации секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, кон што ја приложува потребната документација за утврдување способност.

(3) Договорниот орган може да одлучи да воспостави партнерство за иновации со еден или повеќе партнери кои ќе спроведуваат одделни истражувачки и развојни активности.

(4) Минималниот временски рок за прием на пријавите за учество е 30 дена од денот на објавување на огласот за јавна набавка.

(5) Временски рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки од секторските дејности по правило нема да е пократок од 30 дена од денот на објавување на огласот за јавната набавка, но во ниту еден случај не смее да е пократок од 15 дена.

(6) Почетна понуда во постапката за партнерство за иновации може да поднесат само оние кандидатите кои ќе ги покани договорниот орган по оценка на нивната способност.

(7) Договорниот орган може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во партнерството за иновации.

(8) Во постапката за партнерство за иновации договорот се доделува исклучиво според критериумот на најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

(9) Партнерство за иновации се структурира во последователни фази со запазување на редоследот на чекори во процесот на истражување и иновации, кои може да вклучуваат производство на стоки, обезбедување услуги или изведување работи. Кај партнерството за иновации се воспоставуваат привремени цели кои треба да ги постигнат партнерите во поединечна фаза, како и плаќање надоместоци во соодветни рати.

(10) Врз основа на целите од став (9) на овој член, договорниот орган може по секоја фаза да одлучи да го раскине партнерство за иновации, а во случај на партнерство со повеќе партнери, да го намали бројот на партнери со раскинување на поединечни договори, под услов тоа да го навел во тендерската документација, како и условите под кои може да се користи ваквата можност.

(11) Договорниот орган обезбедува дека структурата на партнерството, а особено времетраењето и вредноста на поединечните фази, се определуваат со земање предвид на нивото на иновативност на предложеното решение како и низата истражувачки и иновациски дејности потребни за развој на иновативното решение кое сè уште не е достапно на пазарот. Проценетата вредност на стоките, услугите или градбите не смее да биде несразмерна со инвестициите кои се неопходни за нивниот развој.

(12) Договорниот орган може да преговара со понудувачите за почетната и сите наредни понуди за подобрување на нивната содржина, со исклучок на конечната понуда. За минималните услови и критериумот за избор на најповолна понуда не може да се преговара.

(13) Договорниот орган мора да обезбеди еднаков третман на сите учесници во преговорите и информациите не смее да ги обезбеди на дискриминаторски начин, поради што некои учесници би имале предност во однос на другите.

(14) Договорниот орган писмено ги информира сите понудувачи вклучени во следната фаза за сите промени во техничките спецификации или во другите делови од тендерската документација. По направените измени, договорниот орган обезбедува доволно време понудувачите да може да ги подготват и поднесат изменетите понуди, доколку е потребно.

(15) Во постапката за партнерство за иновации, договорниот орган може да предвиди преговорите да се одвиваат во последователни фази со цел да се намали бројот на можни решенија, што го наведува во огласот за јавна набавка или во тендерската документација.

(16) При изборот на кандидати, договорниот орган особено ги користи условите во однос на способноста на кандидатите од областа на истражување и развој, како и во развојот и имплементацијата на иновативни решенија.

(17) Само оние економски оператори кои ќе ги покани договорниот орган откако претходно ги оценил бараните информации може да достават истражувачки и иновативни проекти заради задоволување на потребите на договорниот орган кои не може да се задоволат со постојните решенија.

(18) Договорниот орган определува како ќе се уредат правата од интелектуална сопственост во тендерската документација. Договорниот орган не смее без согласност на партнерот да ги открие на другите партнери предложените решенија или други доверливи информации кои му ги доставил партнерот. Оваа согласност мора да се однесува на информациите кои договорниот орган има намера да ги проследи на останатите партнери.

Член 55

Постапка со преговарање без објавување оглас

(1) Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи во следниве случаи:

а) кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација. Вкупната цена на конечната понуда предложена во постапката со преговарање не смее да ја надмине цената на понудата на истиот понудувач поднесена во претходната неуспешна постапка за јавна набавка;

б) доколку јавната набавка од секторските дејности има за цел само истражување, експериментирање, проучување или развој и нема за цел да оствари профит или да ги надомести трошоците за истражувањето и развојот, под услов доделувањето на таквиот договор да не влијае врз конкурентноста при доделувањето подоцнежни договори за јавни набавки со тие цели;

в) доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини:

- целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби,
- кога поради технички причини нема конкуренција за предметот на набавка или
- за заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата од интелектуална сопственост;

г) доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган.

(2) Основите за користење на постапката со преговарање без објавување оглас од став (1) точка в) алинеи 2 и 3 на овој член може да се користат само доколку нема соодветна алтернатива или замена и доколку отсуството на конкуренција не е последица на неоправдано ограничување на спецификациите на предметот на набавка.

(3) Постапката со преговарање без објавување оглас може да се користи за јавни набавки на стоки:

а) произведени исклучиво за истражување, експериментирање, проучување или развој, но не за стоки во сериско производство со кое би се остварила добивка или поврат на трошоците за развојот или истражувањето;

б) кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето. Должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на првичниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор;

в) што котираат и кои договорниот орган ги набавува од берза;

г) што се набавуваат по посебно поволни услови од понудувач кој ги затвора своите деловни активности (ликвидација или стечај), од стечаен управник или ликвидатор, по претходен договор со доверителите;

д) во секторските дејности, со искористување некоја посебна поволна можност што е достапна само за многу кратко време по цена значително пониска од вообичаената пазарна цена.

(4) Постапката со преговарање без објавување оглас може да се користи за јавни набавки на услуги:

а) што се набавуваат по посебно поволни услови од понудувач кој ги затвора своите деловни активности (ликвидација или стечај), од стечаен управник или ликвидатор, по претходен договор со доверителите;

б) кога предметниот договор следува по спроведување конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници. Ако договорот се доделува на еден од најдобро рангираните учесници, договорниот орган ги поканува сите нив да учествуваат во преговорите.

(5) Во случаите од ставот (1) точки в) и г) договорниот орган ја започнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање претходно мислење од Бирото.

(6) По исклучок на ставот (5) од овој член, договорниот орган нема обврска да добие претходно мислење пред да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување оглас врз основа на став (1) точка г) од овој член доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето.

(7) Мислењето од ставот (5) од овој член Бирото го дава во рок од десет работни дена од денот на добивање на барањето, односно пет работни дена во случаите на став (1) точка г) од овој член.

(8) Доколку Бирото не го даде мислењето од ставот (5) од овој член во рокот од ставот (7) од овој член, договорниот орган може да ја започне постапката и без него.

(9) Договорниот орган во одлуката за јавна набавка ги наведува и образложува причините за изборот на постапката со преговарање без објавување оглас.

(10) Договорниот орган во текот на преговорите, однапред, во писмена форма, го соопштува последниот круг преговори, освен доколку бројот на кругови го објавил во документацијата во врска со доделувањето на јавната набавка, односно преговара со само еден кандидат.

(11) Договорниот орган нема обврска да ја утврдува способноста на економските оператори во постапката со преговарање без објавување оглас.

(12) Договорниот орган кон известувањето за склучен договор го прикачува и мислењето на Бирото во случаите кога истото е задолжително.

(13) Формата и содржината на барањето на мислење од став (7) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 56

Постапка со преговарање со објавување оглас

(1) Договорниот орган може да ја користи постапката со преговарање со објавување оглас за јавни набавки од секторските дејности.

(2) Во постапката со преговарање со објавување оглас, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка.

(3) Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност.

(4) Временскиот рок за поднесување на пријавите за учество по правило нема да е пократок од 30 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка, а доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка, по правило нема да е пократок од 30 дена од денот на испраќање на поканата за потврдување на интересот за учество, но во ниту еден случај не смее да е пократок од 15 дена.

(5) По завршување на првата фаза, комисијата изготвува извештај за оценување на способноста на кандидатите и листа на квалификувани кандидати.

(6) Врз основа на извештајот на комисијата договорниот орган донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за поднесување првична понуда.

(7) Првична понуда, која е основа за натамошни преговори, може да поднесат само оние кандидатите кои ќе ги покани договорниот орган по оценка на нивната способност.

(8) Договорниот орган може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да поднесат првична понуда.

(9) Рокот за поднесување понуда може да се утврди со меѓусебен договор помеѓу договорниот орган и избраните способни кандидати, при што сите кандидати мора да имаат на располагање ист временски период за подготвување и поднесување на понудата. Во отсуство на ваков меѓусебен договор, минималниот рок за поднесување на првичните понуди е десет дена од денот на испраќањето на поканата за поднесување понуда.

Поглавје 2

Посебни начини за спроведување на постапката

Член 57

Рамковна спогодба

(1) Договорниот орган може да склучи рамковна спогодба со користење на една од постапките утврдени во член 47 од овој закон.

(2) Рокот на важење на рамковната спогодба во класичниот јавен сектор не смее да е подолг од три години, а во секторските дејности не смее да е подолг од пет години, освен во исклучителни оправдани случаи кои се директно поврзани со предметот на набавка и кои договорниот орган соодветно ги образлага во одлуката за јавна набавка.

(3) Поединечните договори за јавна набавка се доделуваат врз основа на рамковната спогодба на начин утврден во овој член, и тоа од страна на договорни органи кои за оваа цел се јасно наведени во огласот за јавна набавка или во поканата за потврдување на интересот, на економските оператори кои се страни на рамковната спогодба.

(4) Поединечните договори за јавни набавки се склучуваат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

(5) При доделувањето на поединечните договори не смее да се менуваат основните услови утврдени во рамковната спогодба, особено во случаите од ставот (7) на овој член.

(6) Доколку рамковната спогодба е склучена со еден економски оператор, поединечните договори се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

(7) Доколку рамковната спогодба е склучена со повеќе економски оператори, поединечните договори се доделуваат на еден од следните начини:

а) без повторно прибирање понуди, доколку спогодбата ги одредува сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите, како и објективни услови за избор на еден од економските оператори кои се страни во рамковната спогодба, а кои биле наведени во тендерската документација за склучување на рамковната спогодба;

б) со повторно прибирање понуди помеѓу економските оператори страни во рамковната спогодба, доколку во рамковната спогодба не се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите или

в) делумно без повторно прибирање понуди во согласност со точката а) од овој став, а делумно со повторно прибирање понуди, во согласност со точката б) од овој став, доколку во рамковната спогодба се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите и доколку договорниот орган оваа опција ја навел во тендерската документација за склучување на рамковната спогодба, утврдил објективни критериуми за избор дали ќе се спроведува повторно прибирање понуди или договорот ќе се додели без истото и навел кои услови можат да бидат предмет на повторно прибирање понуди.

(8) Одредбата од став (7) точка в) на овој член може да се примени на кој било дел од рамковната спогодба за кој се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите, без оглед дали за другите делови на рамковната спогодба се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите.

(9) Повторното прибирање понуди согласно со став (7) точки б) и в) на овој член се заснова на истите услови кои се користеле за склучување на рамковната спогодба, и ако е неопходно, на попрецизно утврдени услови, како и врз основа на други услови од тендерската документација во согласност со следнава постапка:

- за секој договор за јавна набавка, договорниот орган доставува барање преку ЕСЈН за прибирање понуди до сите економски оператори кои се страна во рамковната спогодба,
- договорниот орган определува примерен рок за поднесување на понудите, водејќи сметка за сложеноста на предметот на набавка и времето потребно да се подготват и да се поднесат понудите,
- понудите се доставуваат преку ЕСЈН и договорниот орган ги отвора во утврдениот рок. Содржината на понудите останува доверлива сè додека договорниот орган не ги извести понудувачите за извршениот избор,
- договорниот орган го доделува секој договор за јавна набавка на економскиот оператор кој ја поднел најдобрата понуда врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во рамковната спогодба и
- договорниот орган е должен да ја достави одлуката за избор или за поништување на постапката за повторно прибирање понуди до сите економски оператори кои се страни во рамковната спогодба.

(10) Рамковната спогодба со повеќе економски оператори не ги обврзува страните на склучување поединечен договор за јавна набавка, а рамковната спогодба со еден економски оператор ги обврзува страните за склучување на поединечен договор доколку договорниот орган тоа го предвидел во тендерската документација.

Член 58

Динамичен систем за набавки

(1) Динамичниот систем за набавки може да се подели на категории стоки, услуги или работи што се објективно дефинирани врз основа на битните карактеристики на предметот на набавка. Овие карактеристики можат да се однесуваат на максималниот дозволен обем на поединечните договори или на географската област во која ќе се извршуваат поединечните договори.

(2) При вршење јавни набавки преку динамичен систем за набавки, договорниот орган ги применува правилата на ограничената постапка, освен правилата кои се однесуваат на минималниот рок за поднесување на пријавите за учество и на понудите. Сите кандидати кои ги исполнуваат условите за учество, добиваат пристап до системот, при што бројот на кандидати кои ќе добијат пристап не смее да се ограничува.

(3) Доколку договорниот орган го подели динамичниот систем за набавки по категории на стоки, услуги или работи, за секоја категорија одделно дефинира соодветни критериуми за утврдување способност.

(4) За вршење набавки во рамки на динамичниот систем за набавки се користат следниве рокови:

а) минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество е 30 дена од денот на објавувањето на огласот за воспоставување динамичен систем за набавки. Доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка во секторските дејности, минималниот рок по правило е 30 дена од денот кога била испратена покана за потврдување на интересот. По поднесување на поканата за поднесување на понудите за првата поединечна набавка, рокот за поднесување на пријавите веќе не се применува;

б) минималниот временски рок за поднесување на понудите е најмалку десет дена од денот кога на економските оператори вклучени во системот им е испратена поканата за поднесување понуда.

(5) Целокупната комуникација во рамки на динамичниот систем за набавки се врши исклучиво по електронски пат.

(6) Договорниот орган воспоставува динамичен систем за набавки на следниов начин:

а) објавува оглас во кој наведува дека воспоставува динамичен систем за набавки, како и неговото времетраење;

б) во тендерската документација особено наведува информации за природата и проценетата количина на предвидените поединечни набавки, како и сите потребни информации во врска со динамичниот систем за набавки, вклучувајќи информации како ќе се води динамичниот систем за набавки, електронската опрема што ќе се користи како и техничките приклучоци и спецификации за поврзување;

в) ја наведува можната поделба на категории стоки, услуги и работи, како и битните карактеристики на секоја категорија и

г) за времетраењето на системот обезбедува неограничен, целосен и директен пристап до тендерската документација во согласност со член 42 од овој закон.

(7) За времетраењето на динамичниот систем за набавки, договорниот орган им овозможува на сите економски оператори да се пријават за учество во системот. Договорниот орган ги оценува поднесените пријави за учество во системот во согласност со критериумите за утврдување способност во рок од десет работни дена од денот на поднесувањето. Тој рок може да се продолжи до 15 работни дена во оправдани случаи, особено поради потребата да се разгледаат дополнителни документи или да се потврди дали економскиот оператор ги исполнува условите за учество.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, договорниот орган може да го продолжи рокот за оценување на пријавите за учество сè додека не испрати покана за поднесување на понудите за првата поединечна јавна набавка во рамките на динамичниот систем за набавки. Во овој случај, договорниот орган наведува во тендерската документација за колку планира да го продолжи овој период.

(9) Договорниот орган, во рок од три дена од донесување на одлуката, го известува економскиот оператор дали му е дозволен пристап до динамичниот систем за набавки.

(10) Договорниот орган ги поканува сите економски оператори кои добиле пристап во динамичниот систем за набавки, во согласност со член 73 од овој закон да поднесат понуди за секоја поединечна јавна набавка во рамките на динамичниот систем за набавки. Доколку динамичниот систем за набавки е поделен во категории стоки, услуги или работи, договорниот орган ги поканува да поднесат понуда сите кои добиле пристап за категоријата која одговара на поединечната јавна набавка.

(11) Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка на најповолниот понудувач во согласност со:

- критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во огласот за воспоставување на динамичниот систем за набавки,

- доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас, согласно со критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во поканата за потврдување на интересот,

- доколку се користи оглас за воспоставување квалификациски систем, во согласност со критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во поканата за поднесување понуди.

(12) Договорниот орган може попрецизно да ги дефинира критериумите за избор на најповолна понуда во поканата за поднесување понуда, доколку е соодветно.

(13) Договорниот орган може во секое време во текот на периодот на важност на динамичниот систем за набавки да побара од учесниците кои добиле пристап до него да достават нови и обновени документи за утврдување способност во рок од пет работни дена од денот на доставување на барањето.

(14) Времетраењето на динамичниот систем за набавки договорниот орган го наведува во огласот. За секоја промена на периодот на важност договорниот орган на ЕСЈН објавува:

а) известување, кое било првично користено како средство за објавување, доколку периодот на важење се промени, но системот не се укинува или

б) известување за склучен договор, доколку системот се укине.

Член 59

Електронска аукција

(1) Договорниот орган може да користи електронска аукција на која ќе добие нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите, при што аукцијата се структурира како повторувачки електронски процес, кој следи по целосна првична евалуација на понудите и овозможува рангирање на понудите со методите за автоматска евалуација.

(2) Електронска аукција може да се користи само ако техничките спецификации се прецизно дефинирани кај отворена постапка, ограничена постапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, набавка од мала вредност со објавување оглас и поедноставена отворена постапка, како и при повторно прибирање понуди кај рамковна спогодба со повеќе економски оператори и кај динамичниот систем за набавки.

(3) Електронска аукција не се користи кај јавните набавки на одредени услуги или работи чиј предмет се интелектуални услуги кои не може да се рангираат со методите за автоматска евалуација.

(4) Предмет на електронската аукција може да биде:

- само цената, кога критериум за избор на најповолна понуда е само најниската цена или

- цената и/или новите вредности на делот од понудата кој е предмет на електронска аукција наведен во тендерската документација, ако критериум за избор на најповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот или најниска цена со користење на пристапот на исплатливост.

(5) Договорниот орган кој ќе одлучи да спроведе електронска аукција тоа го наведува во:

- огласот за јавна набавка;
- во поканата за потврдување интерес, доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка или
- во поканата за поднесување понуди, доколку се користи оглас за воспоставување квалификациски систем.

(6) Доколку се користи електронска аукција, тендерската документација особено ги содржи следниве информации:
- делот на понудата кој ќе биде предмет на електронска аукција, под услов истиот да може да се определи и изрази во бројки или %,
- ограничувањата на вредноста до кои може да се подобрува делот од алинеја 1 на овој став, во согласност со техничките спецификации на предметот на набавка,
- информациите што ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и кога ќе бидат достапни овие информации,
- соодветни информации за спроведувањето на електронската аукција и
- условите под кои понудувачите ќе можат да наддаваат, а особено дозволените минимални разлики во процесот на негативно наддавање.

(7) Пред да започне со електронска аукција, договорниот орган врши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите од тендерската документација.

(8) Договорниот орган ги поканува истовремено, по електронски пат, сите понудувачи што поднеле прифатливи понуди, да достават нови цени или нови вредности за делот на понудата кој е предмет на електронска аукција.

(9) Во поканата се наведува датумот и времето на започнување на аукцијата, начинот на спроведување на аукцијата, како и сите потребни информации за поврзување со електронските средства што се користат.

(10) Ако критериумот за избор на најповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот или најнизок трошок врз основа на пристапот на исплатливост, во поканата се наведува и исходот од целосната евалуација на соодветната првична понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата, како и математичката формула што ќе се користи при негативното наддавање за да се утврдат автоматските промени на листата врз основа на понудените нови цени и вредности.

(11) Електронската аукција започнува најрано два дена од датумот на кој се испратени поканите за учество на електронската аукција.

(12) Во секоја фаза од аукцијата сите понудувачи имаат пристап до сите информации кои ќе им овозможат во секое време да го утврдат нивниот ранг. Доколку тоа било претходно наведено во поканата, понудувачите може да добијат и други информации во врска со понудените цени или вредности на другите понудувачи. Може да се објави и бројот на учесници во секоја фаза од аукцијата, но во ниту една фаза од електронското наддавање нема да се открие идентитетот на понудувачите.

(13) Електронската аукција се затвора на еден или повеќе од следниве начини:
- во однапред утврдено време за кое понудувачите биле известени во поканата од ставот (8) на овој член,
- кога бројот на фази утврден во поканата од ставот (8) на овој член е исполнет, при што поканата, исто така, содржи временска рамка за секоја фаза или
- кога ќе престанат да се добиваат нови цени или нови вредности што ги задоволуваат барањата во врска со минималните разлики при што договорниот орган во поканата го наведува времето што ќе биде дозволено да помине по добивање на последната понуда, а пред затворање на електронската аукција.

(14) Доколку договорниот орган има намера да ја затвори аукцијата во комбинација на став (13) алинеи 2 и 3 на овој член, во поканата за учество на аукцијата се наведува временскиот распоред за секоја фаза од аукцијата.

(15) Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција и на критериумите за избор на најповолна понуда.

(16) Доколку по првичната евалуација во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронската аукција нема да се спроведе.

Член 60

Електронски каталог

(1) Договорниот орган може да бара поднесување понуди во форма на електронски каталог или понудата да вклучува електронски каталог.

(2) Понудите поднесени во форма на електронски каталог може да бидат придружени со други документи што ја дополнуваат понудата.

(3) Економскиот оператор го составува електронскиот каталог за учество во одредена постапка за јавна набавка, во согласност со техничките спецификации и форматот одреден од страна на договорниот орган.

(4) Електронскиот каталог мора да биде во согласност со барањата за алатките за електронска комуникација и сите дополнителни барања утврдени од договорниот орган.

(5) Доколку се дозволи или се побара поднесување понуди во форма на електронски каталози, договорниот орган тоа го наведува во:

- огласот за јавна набавка,
- во поканата за потврдување интерес, доколку се користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка или
- во поканата за поднесување понуди, доколку се користи оглас за воспоставување квалификациски систем.

(6) Во тендерската документација договорниот орган ги наведува сите потребни информации во врска со форматот, користената електронска опрема како и техничките приклучоци и спецификациите поврзани со каталогот.

(7) Доколку рамковната спогодба е склучена со повеќе економски оператори врз основа на понудите во форма на електронски каталози, договорниот орган може да одлучи за одредени набавки повторно да прибере понуди врз основа на ажурираните каталози, при што:

а) ги поканува понудувачите да поднесат електронски каталози прилагодени на барањата на одредената набавка или

б) ги известува понудувачите дека има намера од веќе поднесените електронски каталози да ги прибере потребните информации за составување понуда прилагодена на барањата на одредена набавка, доколку истото било предвидено во тендерската документација за постапката во која е склучена рамковната спогодба.

(8) Доколку договорниот орган повторно прибира понуди согласно со ставот (7) точка (б) на овој член, ги известува сите понудувачи за датумот и времето кога има намера да ги прибере потребните информации за составување на понудите прилагодени на барањата за одредена набавка и им овозможува на понудувачите да го одбијат таквото прибирање информации. Рокот од известувањето на понудувачите до прибирањето информации не смее да е покус од пет работни дена.

(9) Пред доделување на договорот за јавна набавка, договорниот орган ќе му ги претстави на понудувачот прибраните информации за да му овозможи да оспори или да потврди дека така составената понуда не содржи грешки.

(10) Договорниот орган може да додели договори во рамки на динамичен систем за набавки, со барање понудите за поединечните договори да се поднесат во форма на електронски каталог.

(11) Договорниот орган може да додели договор во рамки на динамичен систем за набавки во согласност со став (7) точка (б), ставови (8), (9) и (10) на овој член, доколку кон пријавата за учество во динамичниот систем се приложи електронски каталог според техничките спецификации и во формат одредени од страна на договорниот орган. Кандидатот го дополнува наведениот каталог откако ќе биде информиран за намерата на договорниот орган да изготви понуда.

Член 61

Централизирани набавни активности и централно тело за набавки

(1) Договорниот орган може да набави стоки или услуги од централно тело за набавки.

(2) Договорниот орган може да набави стоки, услуги или работи врз основа на договор склучен од централно тело за набавки, со користење динамичен систем за набавки или квалификациски систем управуван од страна на централното тело за набавки, или врз основа на рамковна спогодба склучена од страна на централно тело за набавки.

(3) Договорниот орган може да користи динамичен систем за набавки кој го управува централно тело за набавки доколку тоа било наведено во огласот за воспоставување на системот.

(4) Се смета дека договорниот орган спровел соодветна постапка за јавна набавка доколку набавил стоки, услуги или работи согласно со склучениот договор на централното тело за набавки.

(5) Договорниот орган кој набавува стоки, услуги или работи согласно со ставот (2) на овој член е одговорен за исполнување на обврските што произлегуваат од овој закон за оние делови од постапката кои самиот ги спроведува, а особено за:

а) доделување договори за јавни набавки врз основа на динамичен систем за набавки со кој управува централното тело за набавки;

б) повторно прибирање понуди врз основа на рамковна спогодба склучена од страна на централно тело за набавки;

в) утврдување согласно со член 57 став (7) точки а) или б) од овој закон, на кој економски оператор кој е страна во рамковната спогодба ќе му се додели договорот за јавна набавка.

(6) Договорниот орган може да користи услуги за обезбедување на централизирани и помошни набавни активности од централното тело за набавки, без користење на постапките утврдени во овој закон.

(7) Јавните набавки за потребите на органите на управата или на јавните установи чиј основач е државата може централизирано да ги спроведува договорен орган утврден со акт на Владата, а за потребите на органите на единиците на локалната самоуправа и јавните служби чиј основач е локалната самоуправа, договорен орган утврден со акт на надлежниот орган на локалната самоуправа.

(8) Со одлуката од ставот (7) на овој член особено се утврдува предметот на набавка, времетраењето на договорот за јавна набавка како и временскиот распоред за спроведување на постапката за јавна набавка.

Член 62

Повремени групни набавки

(1) Групна набавка се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка.

(2) Договорот за извршување групна набавка ги дефинира сите права и обврски кои договорните органи ќе ги имаат во однос на економскиот оператор со кој ќе биде склучен договорот за јавна набавка.

Поглавје 3

Огласи и известувања

Член 63

Видови огласи и известувања

Огласи и известувања се:

1. претходно информативно или периодично индикативно известување;
2. оглас за воспоставување квалификациски систем;
3. оглас за јавна набавка и оглас за конкурс за избор на идејно решение;
4. известување за доброволна претходна транспарентност;
5. известување за склучен договор;
6. известување за измени и дополнителни информации во постапката;
7. известување за поништување на постапката;
8. известување за измена на договорот за време на неговата важност и
9. известување за реализиран договор.

Член 64

Начин на објавување

(1) Огласите и известувањата од членот 63 од овој закон кои се доставени за објавување до 15:30 часот се објавуваат во ЕСЈН истиот ден кога се доставени за објавување.

(2) Огласот што договорниот орган има обврска да го објави во Службеното гласило на ЕУ согласно со условите од овој закон, договорниот орган го доставува за објавување во рок од три работни дена од денот на објавување на огласот во ЕСЈН.

(3) Постапката за јавна набавка започнува со објавувањето на огласот на ЕСЈН, односно со испраќањето на поканата за доставување понуда кај постапка со преговарање без објавување на оглас.

Член 65

Пресметување на роковите

(1) Денот во кој настапил одреден настан или е преземено одредено дејствие не се засметува при пресметување на роковите, туку почетокот на рокот се засметува од првиот следен работен ден.

(2) Државните празници, саботите и неделите не влијаат врз почетокот и текот на роковите, освен во случаите кога роковите се изразени во работни денови.

Член 66

Претходно информативно или периодично индикативно известување

(1) Договорниот орган може да објави претходно информативно известување за набавките од класичниот јавен сектор или периодично индикативно известување за набавките од секторските дејности со кои ја известува јавноста за намерата да врши јавна набавка во определен иден период.

(2) Периодот за кој се однесува претходното информативно или периодичното индикативно известување изнесува најмногу 12 месеци од денот на објавување на известувањето, освен во случај на набавка на посебни услуги, каде што овој период може да биде подолг.

(3) За набавките од секторските дејности, договорниот орган може да користи периодично индикативно известување како замена за оглас за јавна набавка во ограничената постапка и во постапката со преговарање со објавување оглас.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, известувањето мора да се однесува на стоките, услугите или работите кои се предмет на јавната набавка што се доделува. Во известувањето се наведува видот на постапката што ќе се спроведува и дека нема да се објавува оглас за јавна набавка, поради што договорниот орган ги повикува заинтересираните економски оператори да го изразат својот интерес за учество во постапката врз основа на ова известување.

(5) Во случаите од ставот (3) на овој член, периодичното индикативно известување се објавува најмалку 35 дена и најмногу 12 месеци пред датумот на кој договорниот орган му испраќа покана на соодветниот кандидат за потврдување интерес.

Член 67

Оглас за воспоставување квалификациски систем

(1) Доколку договорниот орган одлучи да воспостави квалификациски систем, објавува оглас за неговото воспоставување, во кој се наведува целта на квалификацискиот систем и како заинтересираните економски оператори може да се запознаат со правилата во врска со неговото користење.

(2) Договорниот орган, во огласот за воспоставување квалификациски систем го наведува неговото времетраење. За секоја промена на времетраењето на системот договорниот орган на ЕСЈН објавува:

а) оглас за воспоставување квалификациски систем, доколку времетраењето се промени, но системот не се укинува;

б) известување за склучен договор, доколку системот се укинува.

Член 68

Известување за доброволна претходна транспарентност

(1) Договорниот орган може да објави известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас.

(2) Известувањето од став (1) на овој член се објавува истиот ден кога договорниот орган на понудувачите им ја доставува одлуката за избор.

Член 69

Известување за измени или дополнителни информации во постапката

Договорниот орган објавува известување за измени или дополнителни информации во постапката во случај кога врши:

- измена или дополнување на огласот за јавна набавка или на друго известување што се користи како замена за оглас и/или
- измена, замена или дополнување на тендерската документација.

Член 70

Известување за склучен договор, поедноставено известување за склучен договор, известување за спроведен конкурс за избор на идејно решение и известување за реализиран договор

(1) Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот во отворена постапка, ограничена постапка, конкурентна постапка со преговарање, конкурентен дијалог, партнерство за иновации или постапка со преговарање со или без објавување оглас, со доделување договор за јавна набавка или склучување рамковна спогодба.

(2) Договорниот орган задолжително објавува поедноставено известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот кај набавка од мала вредност, поедноставена отворена постапка и кај набавка на посебни услуги.

(3) Во прилог на известувањето за склучен договор и поедноставеното известување за склучен договор, договорниот орган објавува примерок од склучениот договор или рамковна спогодба. Договорниот орган не ги објавува информациите кои имаат статус на лични податоци согласно со прописите за заштита на лични податоци.

(4) Доколку договорниот орган од областа на секторските дејности користи периодично индикативно известување како замена за оглас и одлучи дека во периодот на кој се однесува ова известување нема да додели други договори за јавни набавки, тоа посебно го наведува во известувањето за склучен договор.

(5) Во случај на рамковна спогодба или динамичен систем за набавки, известување за склучен договор за поединечните договори се објавува збирно за сите поединечни договори склучени во последните три месеци врз основа на рамковната спогодба или динамичниот систем за набавки, во рок од десет дена по истекот на секој квартал.

(6) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, договорниот орган не мора да објавува одредени информации од склучените договори за јавни набавки или рамковната спогодба ако нивното објавување е спротивно на одредбите на посебен закон.

(7) Договорниот орган задолжително објавува известување за спроведен конкурс за избор на идејно решение во рок од десет дена од спроведување конкурс за избор на идејно решение.

(8) Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот.

Член 71

Оглас за јавна набавка и оглас за конкурс за избор на идејно решение

(1) Оглас за јавна набавка се користи како средство за објавување на постапката за јавна набавка, освен постапката со преговарање без објавување оглас.

(2) За јавните набавки од секторските дејности договорниот орган може, како замена за огласот за јавна набавка, да употреби друго известување, на начин и под услови утврдени со овој закон.

(3) Оглас за конкурс за избор на идејно решение се користи кога се спроведува конкурс за избор на идејно решение.

Член 72

Известување за измена на договорот за време на неговата важност

Договорниот орган задолжително објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност и примерок од изменета на договорот во рок од десет дена од денот на изменување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба во согласност со членот 119 од овој закон.

Член 73

Поканување кандидати

(1) Во ограничената постапка, партнерството за иновации, конкурентната постапка со преговарање и постапката со преговарање со објавување оглас, договорниот орган истовремено и во писмена форма ги поканува избраните кандидати да ги достават своите понуди, додека пак во конкурентниот дијалог да учествуваат во фазата на дијалог.

(2) Доколку договорниот орган за јавните набавки од секторските дејности користи периодично индикативно известување како замена за оглас, истовремено ги поканува економските оператори што пројавиле интерес да го потврдат својот интерес.

(3) Поканата од ставовите (1) и (2) на овој член ги содржи особено следниве информации:

а) електронска адреса во ЕСЈН на која тендерската документација е директно достапна во електронска форма;

б) повикување на бројот на огласот или известувањето;

в) рок и начин на поднесување на понудите;

г) во конкурентен дијалог, датум и место определени за почеток на дијалогот;

д) дополнителни документи кои економските оператори мораат да ги поднесат со цел да ги потврдат изјавите или да ги дополнат документите поднесени во првата фаза.

(4) Кај конкурентен дијалог или партнерство за иновации, информациите од став (3) точка в) на овој член се наведуваат во поканата за поднесување понуда.

(5) Во случаите кога договорниот орган за јавни набавки од секторските дејности користи периодично индикативно известување како замена за оглас, ги поканува сите избрани кандидати да го потврдат својот интерес врз основа на детални информации за конкретната јавна набавка пред да ги избере способните кандидати.

Член 74

Квалификациски системи

(1) Заради утврдување на способноста на понудувачите, договорните органи за јавните набавки од секторските дејности можат да воспостават и да водат квалификациски систем на понудувачи.

(2) Договорниот орган може да ги прифати и да ги користи квалификациските системи воспоставени од други договорни органи.

(3) Квалификацискиот систем се воспоставува со објавување оглас за воспоставување квалификациски систем во ЕСЈН.

(4) Квалификацискиот систем содржи објективни критериуми и правила за утврдување на способноста на економските оператори кои бараат прием во системот.

(5) Квалификацискиот систем ги вклучува редовните постапки за јавни набавки во однос на утврдување на способноста на економскиот оператор и ќе биде во согласност со редовните постапки за јавна набавка во однос на изготвувањето на техничките спецификации или техничките стандарди, при што таквите спецификации можат да се модифицираат по потреба.

(6) Квалификацискиот систем може да функционира и да се применува во фази.

(7) Ако квалификацискиот систем трае подолго од три години, огласот за воспоставување на квалификацискиот систем се објавува еднаш годишно.

(8) Економскиот оператор може да поднесе барање за прием во квалификацискиот систем во кое било време, а оценувањето на способноста ќе се спроведе во најкус можен рок, но не подолго од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето.

(9) Доколку оценувањето на способноста на економскиот оператор кој бара прием во квалификацискиот систем трае подолго од четири месеци од денот на поднесувањето на барањето, договорниот орган има обврска да го извести за тоа економскиот оператор во рок од два месеца од денот на поднесувањето на барањето, како и за датумот до кога договорниот орган очекува да заврши со оцена на способноста.

(10) Договорниот орган донесува писмена одлука со детално образложение на причините за прием или одбивањето на приемот на економски оператор во квалификацискиот систем и истата ја доставува до него во најкус можен рок, но не подоцна од 15 дена од денот на донесувањето.

(11) Договорниот орган води список на квалификувани економски оператори примени во неговите квалификациски системи, поделени во категории според предметот на договорите за јавни набавки за кој се однесува квалификацијата.

(12) Договорниот орган мора да обезбеди списокот на квалификувани економски оператори да е јавно достапен на неговата веб-страница.

Поглавје 4

Спроведување на постапката

Оддел 1

Планирање и подготовка

Член 75

Планирање

(1) Врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

(2) Вкупните потреби за набавки ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки, како и набавките на посебните услуги.

(3) По донесување на планот од ставот (1) на овој член, договорниот орган го објавува во ЕСЈН до крајот на јануари од тековната година.

(4) По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени и/или дополни планот од ставот (1) на овој член согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите ги објавува на ЕСЈН.

(5) Формата, содржината, како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки ги пропишува министерот за финансии.

Член 76

Претходна проверка на пазарот

(1) Договорниот орган може, по донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот за јавна набавка, да спроведе технички дијалог со економските оператори и тоа:

- да ја направи достапна на јавноста преку ЕСЈН тендерската документација што планира да ја користи во постапката,
- да овозможи секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавената тендерска документација, со користење електронски средства или со организирање заеднички состанок во однапред утврдено време и датум и
- да ги разгледа добиените предлози и коментари, и доколку се прифатливи, соодветно да ги имплементира во тендерската документација.

(2) Комисијата составува записник од спроведениот технички дијалог, кој содржи краток опис на предлозите и коментарите на економските оператори, како и образложение за неприфаќање на оние предлози и коментари кои не ги имплементирала во тендерската документација. Записникот е дел од досието на постапката.

(3) Договорниот орган преку ЕСЈН го доставува записникот од спроведениот технички дијалог до сите економски оператори кои дале предлози и коментари на објавената тендерска документација во рок од три дена од завршување на дијалогот.

Член 77

Одлука за јавна набавка

(1) За потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган.

(2) Со одлуката за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно.

(3) Одлуката за јавна набавка содржи образложение на потребата од набавката.

(4) Во одлуката за јавна набавка се наведуваат и причините и образложението за користење на постапките со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации ако договорниот орган спроведува постапка со преговарање, конкурентен дијалог или партнерство за иновации, итните причини за намалување на роковите пропишани со овој закон, како и причините за неделивост на предметот на набавка.

(5) Доколку во текот на постапката за јавна набавка, најповолната понуда е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов врз основа на спроведена анализа да утврди дека истото е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со овој закон.

(6) По исклучок од ставот (2) на овој член, договорниот орган може да одлучи постапката за набавка од мала вредност да ја спроведе организацискиот облик наместо комисија за јавна набавка, што го наведува во одлуката.

Член 78

Оформување на јавната набавка во делови

(1) Договорниот орган може да го оформи предметот на набавка во повеќе посебни делови, врз основа на објективни критериуми според вид, својства, намена, место или време на извршување, при што го утврдува предметот и големината на поединечните делови, земајќи ја предвид можноста за пристап на малите и средни претпријатија во постапката за јавна набавка.

(2) Ако договорниот орган не го оформил предметот на набавка во повеќе делови во отворената или ограничената постапка, во одлуката за јавна набавка ги образложува причините за тоа.

(3) Договорниот орган, во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување на интересот или во поканата за поднесување понуди одредува дали понудите може да се доставуваат за еден, за повеќе или за сите делови.

(4) Договорниот орган може да го ограничи бројот на деловите што може да се доделат на еден понудувач, доколку во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување на интересот или во поканата за поднесување понуди го одреди максималниот број делови по понудувач. Во таков случај, во тендерската документација ги наведува недискриминаторските критериуми или правила што ќе се користат при одлучување кои делови ќе се доделат на одреден понудувач доколку со примена на критериумите за избор на најповолна понуда тој понудувач е најповолен за повеќе делови од максималниот број.

(5) Кога на еден понудувач може да му се додели повеќе од еден дел, договорниот орган може да го додели договорот со здружување на неколку или на сите делови, доколку во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување на интересот или во поканата за поднесување понуди навел дека ја задржува можноста да одреди делови или групи од делови кои можат да се здружуваат.

(6) Доколку предметот на набавка е составен од повеќе ставки во рамки на еден дел, договорниот орган не смее делот да го оформи на начин кој неоправдано ќе ја ограничи конкуренцијата на само еден економски оператор, без оглед дали предметот на договорот е оформен во еден или во повеќе делови.

Член 79

Надлежности и состав на комисијата

(1) Комисијата самостојно и независно ја спроведува постапката за јавна набавка согласно со овој закон.

(2) Комисијата, во зависност од постапката за доделување на договорот за јавна набавка, ги врши следниве работи:

- учествува во изработката на тендерската документација,
- спроведува технички дијалог со економските оператори,
- одговара на прашања и барања за појаснување на тендерската документација,
- ги отвора понудите или пријавите за учество,
- ја утврдува способноста на економските оператори,
- утврдува избрани кандидати,

- ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација,
- ги проверува финансиските понуди поднесени од понудувачите во врска со цената и соодветните финансиски и други услови утврдени во тендерската документација,
- утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи,
- утврдува прифатливи понуди и/или соодветни понуди,
- предлага најповолна понуда или поништување на постапката,
- подготвува извештај за спроведената постапка,
- ги известува учесниците во постапката за исходот од соодветната постапка,
- учествува во изготвувањето одговор по жалба и
- други работи согласно со овој закон.

(3) Комисијата е должна да постапува согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

(4) Комисијата е составена од непарен број членови, а може да содржи и нивни заменици.

Член 80

Лице или организациски облик за јавни набавки

(1) Договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член е лице кое има стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС, односно завршен VI/1 степен на образование и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

(3) Лицето/лицата од организацискиот облик од ставот (1) на овој член ги вршат следниве работи:
- учествува во подготовката на планот за јавни набавки,
- ја изготвува одлуката за јавна набавка,
- врши набавки од мала вредност,
- учествува во изработката на тендерската документација,
- го објавува огласот за јавна набавка,
- ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување договор за јавна набавка,
- учествува како член во комисијата кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи,
- ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка,
- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН,
- објавува негативна референца во ЕСЈН,
- дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата,
- се грижи за досиејата од спроведени постапки согласно со прописите за канцелариско и архивско работење и
- врши други работи согласно со овој закон.

(4) Лицето/лицата од ставот (1) на овој член се должни во своето работење да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

Член 81

Тендерска документација

(1) Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

(2) Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи:

- општи информации во врска со договорниот орган,
- упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество,
- минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност,
- технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација,
- упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда,
- детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда,
- упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и
- информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка.

(4) Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

(5) Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

(6) Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

(7) Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост.

Член 82

Технички спецификации

(1) Предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

(2) Описот на предметот на набавка содржи технички спецификации и ако е потребно, се дополнува со нацрти, проектна документација, цртежи, модели и слично.

(3) Техничките спецификации се утврдуваат во тендерската документација.

(4) Со техничките спецификации се дефинираат потребните карактеристики на стоките, услугите или работите. Овие карактеристики може да се однесуваат и на одреден процес или метод на производство или обезбедување на бараните стоки, услуги или работи, или на одреден процес од друга фаза во нивниот животен век, дури и доколку таквите фактори не се составен дел од нивната материјална содржина, под услов карактеристиките да се поврзани со предметот на набавка како и да бидат сразмерни со вредноста и целите на набавката.

(5) Кај набавките што ќе се користат од страна на физички лица, како од поширокатa јавност така и од вработените на договорниот орган, договорниот орган при подготовка на техничките спецификации ги зема предвид критериумите за пристапност за лица со хендикеп или спецификациите ги составува според начелото на достапност за сите корисници, освен во соодветно оправдани случаи.

(6) Техничките спецификации мора да им обезбедат на сите економски оператори еднаков пристап до постапката за јавна набавка и не смеат неоправдано да ја попречуваат пазарната конкуренција во јавните набавки.

(7) Техничките спецификации може да се одредат на еден од следниве начини:

а) во смисла на условите за извршување или функционални карактеристики, вклучувајќи услови за заштита на животната средина, под услов тие параметри да бидат опишани доволно прецизно за да им се овозможи на понудувачите точно да го разберат предметот на набавка и договорниот орган да изврши избор на најповолна понуда;

б) со упатување, како правило, според следниов редослед: примена на македонски стандарди кои се во согласност со европските стандарди, европските технички одобренија, заедничките технички спецификации што се користат во Европската Унија, меѓународните стандарди или други технички упатувања воведени од страна на европски органи за стандардизација. Доколку истите не се пропишани, техничките спецификации се дефинираат со упатување кон македонските стандарди, националните технички одобренија или националните технички спецификации кои се однесуваат на користењето на стоките, идејното решение или изведувањето на работите. Секое упатување треба да биде проследено со зборовите: „или еквивалентно“;

в) во однос на условите за извршување или функционални карактеристики од точката а) на овој став, со упатување на стандардите, техничките одобрувања, заедничките технички спецификации од точката б) на овој став, како можен начин на исполнување на карактеристиките или барањата за функционалност или

г) со повикување на техничките спецификации од точката б) на овој став за одредени карактеристики и со повикување на условите за извршување или функционални карактеристики од точката а) на овој став за други карактеристики.

(8) Договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елиминирање определени економски оператори или определени стоки.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, таквото упатување е дозволено само во исклучителен случај кога не е можно да се даде доволно прецизен опис на предметот на договорот за сите заинтересирани страни согласно со одредбите од овој член и треба да е придружено со зборовите „или еквивалентно“.

(10) Кога договорниот орган ги утврдува техничките спецификации согласно со став (7) точка (а) на овој член, не смее да одбие понуда за стоки, услуги или работи која е во согласност со македонски стандард кој пак е во согласност со европски стандард, европско техничко одобрение, заедничка техничка спецификација што се користи во

Европската унија, меѓународен стандард или технички референтни системи воспоставени од страна на европски тела за стандардизација, доколку спецификациите одредени во овој стандард, одобрение, заедничка техничка спецификација, меѓународен стандард или технички референтен систем се однесуваат на условите за извршување или функционални карактеристики, кои во постапката за јавна набавка ги одредил договорниот орган.

(11) Понудувачот во својата понуда мора со сите соодветни средства, вклучувајќи ги и оние од членот 84 од овој закон, да докаже дека стоките, услугите или работите што се во согласност со стандардот ги исполнуваат условите за извршување или функционални карактеристики одредени од страна на договорниот орган.

Член 83

Ознаки

(1) Кога договорниот орган набавува стоки, услуги или работи со конкретни еколошки, социјални или други карактеристики, може во техничките спецификации, критериумите за избор на најповолна понуда или во условите за извршување на договорот да бара одредени ознаки како доказ дека стоките, услугите или работите ги исполнуваат бараните карактеристики, доколку се исполнети следните услови:

а) условите на ознаката се однесуваат само на критериумите поврзани со предметот на набавка и се соодветни за утврдување на карактеристиките на стоките, услугите или работите, кои се предмет на набавка;

б) условите на ознаката се засноваат на објективно проверливи и недискриминаторски критериуми;

в) ознаките се утврдени во отворена и транспарентна постапка во која може да учествуваат сите заинтересирани страни, вклучувајќи државни органи, потрошувачи, социјални партнери, производители, дистрибутери и невладини организации;

г) ознаките се достапни на сите заинтересирани страни и

д) условите на ознаката ги утврдува друг субјект на кој економскиот оператор, кој бара доделување ознака, нема решавачко влијание.

(2) Доколку договорниот орган не бара стоките, услугите или работите да ги исполнуваат сите услови на ознаката, наведува кои од нив мора да бидат исполнети.

(3) Договорниот орган кој бара одредена ознака, ја прифаќа секоја ознака што потврдува дека стоките, услугите или работите ги исполнуваат еквивалентните услови за добивање ознака.

(4) Доколку од причини кои не може да му се припишат како пропуст, економскиот оператор ознаката што ја навел договорниот орган или еквивалентната ознака не можел да ја добие во рокот за доставување на понудата, договорниот орган прифаќа други соодветни докази, кои може да вклучуваат техничка документација на производителот, под услов економскиот оператор да докаже дека стоките, услугите или работите што ги нуди ги исполнуваат условите на ознаката или барањата на договорниот орган.

(5) Доколку ознаката ги исполнува условите наведени во став (1) точки б), в), г) и д) на овој член, а покрај тоа предвидува и услови кои не се поврзани со предметот на набавка, договорниот орган нема да ја бара, но може да одреди техничка спецификација со повикување на детални спецификации на одредената ознака или доколку е потребно, на нејзините делови што се поврзани со предметот на набавка и се соодветни за да ги дефинираат неговите карактеристики.

Член 84

Извештаи од тестирања, потврди и други докази

(1) Договорниот орган може да побара од економските оператори да приложат извештај за тестирање од тело за оценка на сообразност или сертификат издаден од такво тело, како доказ за сообразност со барањата или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за избор на најповолна понуда или со условите за извршување на договорот.

(2) Доколку договорниот орган бара приложување сертификати издадени од страна на тело за оценка на сообразност, прифаќа и сертификати издадени од други еквивалентни тела за оценка на сообразност.

(3) Договорниот орган прифаќа и други соодветни начини за докажување на исполнетоста на барањата, како што се техничка документација на производителот доколку економскиот оператор немал пристап до сертификатите или до извештаите за тестирање од ставот (1) на овој член или не може да ги добие во рокот за доставување на понудата, доколку немањето пристап до нив не е пропуст на самиот економски оператор, како и доколку економскиот оператор со тоа докаже дека стоките, услугите или работите што ги нуди ги исполнуваат барањата или критериумите утврдени во техничките спецификации, критериумите за избор на најповолна понуда или со условите за извршување на договорот.

Член 85

Алтернативни понуди

(1) Договорниот орган може на понудувачот да му дозволи или од него да бара да поднесе алтернативи понуди, што го наведува во огласот за јавна набавка или во поканата за потврдување на интересот. Доколку алтернативните понуди не се дозволени или побарани, не е дозволено да се поднесат.

(2) Алтернативните понуди мора да се поврзани со предметот на набавка.

(3) Договорниот орган кој дозволува или бара поднесување алтернативни понуди во тендерската документација ги дефинира минималните задолжителни услови што овие понуди мора да ги исполнат, како и сите посебни барања за нивно поднесување, а особено дали алтернативната понуда може да се поднесе само ако се поднесе и понуда што не е алтернативна.

(4) Договорниот орган ги утврдува критериумите за избор на најповолна понуда на начин што ќе може да се применуваат на алтернативните понуди што ги исполнуваат минималните услови, како и за понудите што се прифатливи, а не се алтернативни.

(5) Договорниот орган ја зема предвид само алтернативната понуда која ги исполнува неговите минималните барања.

(6) Ако договорниот орган дозволил поднесување алтернативни понуди, тој не смее да одбие алтернативна понуда доколку таа е избрана за најповолна, само поради тоа што:

- договорот за јавна набавка на стоки според алтернативната понуда избрана за најповолна ќе премине во договор за јавна набавка на услуги или
- договорот за јавна набавка на услуги според алтернативната понуда избрана за најповолна ќе премине во договор за јавна набавка на стоки.

Член 86

Утврдување на роковите

(1) Договорниот орган при утврдување на роковите за поднесување понуди и пријави за учество ја зема предвид сложеноста на јавната набавка и времето потребно за подготовка на понудите или пријавите за учество, при што е должен да ги почитува минималните рокови утврдени во овој закон.

(2) Во случај кога е потребна посета на локација или преглед на придружната документација кон тендерската документација, крајниот рок за поднесување на понудите мора да биде подолг од минималните рокови за спроведување на постапките од членот 47 на овој закон, со цел да им овозможи на сите економски оператори да се запознаат со сите информации потребни за подготовка на понудите.

(3) Со цел да им се овозможи на сите економски оператори да се запознаат со сите информации потребни за подготовка на понудите, крајниот рок за поднесување на понудите или на пријавите за учество се продолжува пропорционално на сложеноста на измената или дополната на тендерската документација во последните осум дена од рокот за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно во последните шест дена кај поедноставената отворена постапка или четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

Оддел 2

Утврдување способност

Член 87

Услови за утврдување способност

При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува:

- дали постојат причини за исклучување од постапката,
- дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во членовите 89, 90, 91 и 92 од овој закон и
- дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина утврдени во членовите 93 и 94 од овој закон.

Член 88

Причини за исклучување од постапката

(1) Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и

- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

(2) Договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

а) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

б) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

в) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

г) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

д) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

ѓ) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

(3) Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци од членот 101 став (13) од овој закон.

(4) Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите кога условот за исклучување ќе го наведе во тендерската документација:

а) доколку договорниот орган оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со едностране раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) доколку економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

Член 89

Услови за квалитативен избор на економските оператори

(1) Услови за квалитативен избор на економските оператори се:

а) способност за вршење професионална дејност;

б) економска и финансиска состојба и

в) техничка и професионална способност.

(2) Како услови за квалитативен избор на економскиот оператор договорниот орган може да користи само услови утврдени во ставот (1) на овој член.

(3) Договорниот орган, во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај деливите набавки.

(4) Договорниот орган задолжително ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а може да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

(5) Договорниот орган во огласот за јавна набавка, во поканата за потврдување интерес или во периодичното индикативно известување во случаите кога се користи како замена за оглас, ги наведува условите потребни за учество, кои се изразуваат како минимални параметри, вклучувајќи ги и релевантните докази.

Член 90

Способност за вршење професионална дејност

(1) Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

(2) При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на економските оператори договорниот орган бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка.

Член 91

Економска и финансиска состојба

(1) Договорниот орган може да утврди минимални услови за да потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска способност за извршување на договорот.

(2) Во смисла на ставот (1) на овој член, договорниот орган може да побара економскиот оператор:

а) да има одреден минимален годишен приход, вклучувајќи и одреден минимален приход во дејноста поврзана со предметот на јавна набавка;

б) да има одредена минимална вредност на показатели на работењето, кои, меѓу другото, ги искажуваат нивоата на стабилност, ликвидност и успешност, вклучувајќи и споредба со показателите на просекот на дејноста поврзана со предметот на јавна набавка и/или

в) да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици.

(3) Договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката.

(4) Доколку договорниот орган бара информации од финансиските извештаи на економскиот оператор, во тендерската документација ги одредува начините и условите кои ќе се користат за оценка на исполнетоста на условот за учество и кои мора да бидат транспарентни, објективни и недискриминаторски.

(5) Кога јавната набавка е поделена на делови, ставот (3) на овој член се применува на секој дел поединечно.

(6) Во случаите на рамковна спогодба со повеќе економски оператори со повторно прибирање понуди, бараниот годишен промет се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во исто време, а доколку тоа не е познато, врз основа на проценетата вредност на рамковната спогодба.

(7) Во случаите на динамични системи за набавки, бараниот годишен приход се пресметува врз основа на очекуваниот најголем обем на поединечните договори што ќе се реализираат во рамките на тој систем.

Член 92

Техничка и професионална способност

(1) Договорниот орган може да утврди минимални услови со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот.

(2) Договорниот орган може да бара од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки.

(3) При јавни набавки за работи, услуги или стоки кои вклучуваат услуги за нивно поставување или вградување, договорниот орган може да ја оцени професионалната способност на економскиот оператор за извршување на работите, услугите или инсталациската работа во однос на неговите вештини, успешност, искуство и сигурност.

Член 93

Стандарди за системи на квалитет

(1) Кога се бара поднесување сертификати издадени од независни тела со кои се потврдува придржување до одредени стандарди за гаранција на квалитет, договорниот орган ги посочува системите за квалитет засновани врз релевантните европски или меѓународни стандарди. Според принципот за заемно признавање, договорниот орган ги прифаќа еквивалентните сертификати издадени од тела основани во земјите членки на Европската Унија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган прифаќа и други еквивалентни докази за системи на квалитет, доколку од причини кои не може да му се припишат како пропуст, економскиот оператор не можел во рокот за доставување на понудата/пријавата за учество да го добие бараниот сертификат, под услов да докаже дека предложените мерки за обезбедување квалитет ги исполнуваат бараните стандарди за системи на квалитет.

Член 94

Стандарди за управување со животната средина

(1) Ако договорниот орган бара почитување на одредени стандарди за управување со животната средина, тој се повикува на:

- шемата за управување со животната средина и за ревизија (EMAS) или
- стандардите за управување со животната средина засновани на релевантните европски или меѓународни стандарди потврдени од институции за акредитација или оценување на сообразност или од релевантните европски или меѓународни тела акредитирани за сертификација.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган прифаќа и други еквивалентни докази за мерки за управување со животната средина, доколку од причини кои не може да му се припишат како пропуст, економскиот оператор не можел во рокот за доставување на понудата/пријавата за учество да го добие бараниот доказ, под услов да докаже дека овие мерки се еквивалентни на оние што се бараат во согласност со важечките системи или стандарди за управување со животната средина.

Член 95

Докажување на способноста

(1) Економските оператори доставуваат единствен документ за докажување на способноста и/или потврди, изјави и други документи наведени во овој член, како доказ дека:

- не постојат причини за исклучување утврдени во членот 88 од овој закон,
- се исполнети условите за квалитативен избор во согласност со членовите 90, 91 и 92 од овој закон и
- се исполнети стандардите за системи на квалитет и/или стандардите за управување со животната средина во согласност со членовите 93 и 94 од овој закон.

(2) Договорниот орган нема да бара други докази за докажување на способноста освен доказите од овој член и членовите 93 и 94 од овој закон.

(3) Во случај на користење на капацитетот на други субјекти, економскиот оператор е должен да докаже со валиден доказ дека ќе ги има на располагање потребните ресурси за извршување на договорот.

(4) Како документи дека не постојат причини за исклучување од членот 88 од овој закон, договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

а) во врска со членот 88 став (1) од овој закон, изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;

б) во врска со членот 88 став (2) од овој закон, потврда издадена од надлежен орган во Република Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;

в) во врска со членот 88 став (3) од овој закон, извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

(5) Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот (4) на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

(6) Документите од членот 88 ставови (1) и (2) на овој закон не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

(7) Како доказ за економската и финансиската состојба на економските оператори, договорниот орган може да побара еден или повеќе од следниве документи:

а) соодветни изводи од банки;

б) доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик;

в) извештај за билансот на состојба издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и

г) извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа

најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

(8) Во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе од следниве начини:

а) со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација;

б) со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација;

в) со опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот, а во случај на јавна набавка на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не;

г) со опис на техничките услови и мерки кои економскиот оператор ги користи за да обезбеди квалитет како и со опис на своите капацитети за развој и истражување;

д) со наведување на системот за управување и следење на синџирот за снабдување, кој економскиот оператор ќе може да го примени при извршување на договорот;

ѓ) во случај кога се набавуваат сложени стоки или услуги, или во исклучителни случаи за посебни намени, со проверка на производствените капацитети или ако е потребно и на капацитетите за проучување и истражување, како и на мерките за контрола на квалитетот, која ја спроведува договорниот орган или во негово име надлежен орган во земјата на основање;

е) со образовните и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот на работи или на неговиот менаџерски кадар, под услов тие да не се евалуираат како критериум за избор на најповолна понуда;

ж) со наведување на мерките за управување со животната средина кои економскиот оператор ќе може да ги користи во извршувањето на договорот;

з) со изјава за просечниот годишен број на вработени кај давателот на услуги или изведувач на работи и за бројот на неговиот раководен кадар во последните три години;

ѕ) со изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот;

и) со наведување на делот од јавната набавка, кој економскиот оператор има намера го отстапи на подизведувач и

ј) во однос на стоките што треба да се набават:

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган и

- сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

Член 96

Користење способност од други субјекти

(1) Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

(2) Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обезбедува услугите за кои се бара таквата способност.

(3) Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

(4) Договорниот орган проверува дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување.

(5) Доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот.

(6) Групата економски оператори може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член.

(7) Договорниот орган може, во случаите на јавна набавка на стоки кои вклучуваат услуги за нивно поставување или вградување, услуги и работи, да бара некои од клучните задачи да ги изврши понудувачот, а во случај на групна понуда, да ги извршат учесниците во оваа група.

Оддел 3

Намалување на бројот на способни кандидати, понуди или решенија

Член 97

Намалување на бројот на способни кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат

(1) Во ограничената постапка, конкурентната постапка со преговарање, постапката со преговарање со објавување оглас, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, договорниот орган може да го ограничи бројот на способни кандидати што ќе ги покани да поднесат понуда или да учествуваат во дијалог, доколку минималниот број способни кандидати бил утврден во согласност со овој член.

(2) Договорниот орган во огласот за јавна набавка или во поканата за потврдување на интерес наведува објективни и недискриминаторски критериуми или правила што планира да ги користи за да го намали бројот на способни кандидати, како и минималниот и доколку е потребно, максималниот број на кандидати што има намера да ги покани.

(3) Во ограничената постапка, минималниот број на кандидати е пет, во конкурентната постапка со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, минималниот број на кандидати е три.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, ако бројот на способни кандидати е помал од минималниот број, договорниот орган може да ја:

- поништи постапката или
- спроведе постапката само со способните кандидати, доколку има најмалку два способни кандидати.

(5) Договорниот орган не смее да вклучува економски оператори кои не се пријавиле да учествуваат или кандидати без потребната способност.

Член 98

Намалување на бројот на понуди и на решенија

(1) Доколку договорниот орган ја користи можноста за намалување на бројот на понуди од членот 52 од овој закон или на можноста за намалување на решенијата од членовите 53 и 54 од овој закон, тоа ќе го направи со примена на критериумите за избор на најповолна понуда утврдени во огласот и во тендерската документација.

(2) Намалениот број на понуди или решенија мора да обезбеди вистинска конкуренција во завршната фаза од преговорите или дијалогот.

Оддел 4

Избор на најповолна понуда

Член 99

Критериуми за избор на најповолна понуда

(1) Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на економски најповолната понуда.

(2) Економски најповолната понуда се утврдува врз основа на цената или трошоците со користење на пристапот на исплатливост, како што се трошоците во животниот век; или како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка кои може да вклучуваат:

а) квалитет и техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајн прилагоден за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики, како и услови на купопродажба;

б) организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае на извршувањето на договорот и

в) пост-продажни услуги и техничка поддршка, а во исклучителни случаи услови на испорака, како што се датум на испорака, начин на испорака и рок на испорака или рок на извршување.

(3) Цената или трошокот може да биде и во форма на фиксна цена или трошок, врз основа на кој економските оператори конкурираат само во однос на критериумите за квалитет.

(4) Доколку цената на одредена стока или надоместокот за одредена услуга е пропишан со закон или друг пропис, договорниот орган нема да ја користи цената како критериум за избор на најповолна понуда во постапката за јавна набавка.

(5) Кај постапките за јавна набавка на услуги за изработка на софтвер, архитектонски или инженерски услуги, услуги за превод и консултантски услуги, договорниот орган нема да ја користи цената како единствен критериум за избор на најповолна понуда.

(6) Критериумите за избор на најповолна понуда мора да бидат недискриминаторски, пропорционални и директно да се поврзани со предметот на набавка. Критериумите се директно поврзани со предметот на набавка доколку се однесуваат на стоките, услугите или работите што треба да се набават и тоа на кој било начин и во која било фаза на нивниот животен век, вклучувајќи ги факторите опфатени со одредена постапка на производство, изведба или продажба на тие стоки, услуги или работи или со одредена постапка за друга фаза од нивниот животен век, дури и ако таквите фактори содржински не се дел од нив.

(7) Договорниот орган ги утврдува критериумите за избор на најповолна понуда на начин кој ќе му овозможи ефикасен преглед и евалуација на понудите, како и проверка на информациите доставени од понудувачите, а во случај на сомнеж, да ја провери точноста на поднесените податоци и докази во понудата.

(8) Договорниот орган во тендерската документација одредува бодови за секој поединечен критериум кој е избран, при што вкупниот збир ќе изнесува 100.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, бодови не се користат кога економски најповолната понуда се избира само врз основа на цената.

(10) Кај критериумите за избор на најповолна понуда за набавка на прехранбени производи, предност имаат прехранбените производи во рамки на програмите за квалитет (како што се сезонски произведени прехранбени производи на интегриран начин, сезонски произведени прехранбени производи со органски земјоделски методи и слично), прехранбени производи произведени во согласност со националните прописи за квалитет на храната и прехранбени производи што се трајно произведени и преработени и е обезбеден повисок квалитет на прехранбените производи во смисла на поголема свежина или пониски оптоварувања на животната средина при превозот.

Член 100

Пресметка на трошоците во животниот век

(1) Трошоците во животниот век на стоките, услугите или работите ги опфаќаат сите или дел од следниве трошоци:

а) трошоци на товар на договорниот орган или на други корисници, како што се:

- трошоци за набавка, односно купување,
- трошоци за користење, како што е потрошувачката на енергија и други ресурси,
- трошоци за одржување,
- трошоци поврзани со расходување, како што се трошоци за собирање и рециклирање;

б) трошоците за отстранување на влијанието на стоките, услугите или работите врз животната средина во текот на нивниот животен век доколку може да се утврди и да се провери нивната парична вредност, а кои може да вклучуваат трошоци од емисии на стаклени гасови и други загадувачи, како и други трошоци за ублажување на климатските промени.

(2) Доколку договорниот орган ги користи трошоците во животниот век како критериум за избор на најповолна понуда, во тендерската документација наведува податоци кои треба да ги достават понудувачите и методот на утврдување на трошоците во животниот век врз основа на овие податоци.

(3) Методот од ставот (2) на овој член кој се користи за утврдување на трошоците од ставот (1) точка б) на овој член мора да ги исполнува следниве услови:

а) да се заснова на објективно проверливи и недискриминаторски критериуми и не смее неоправдано да обезбеди поповолен или понеповолен третман на одредени економски оператори, особено ако не е наменет за повеќекратна или континуирана примена;

б) да биде достапен за сите заинтересирани страни и

в) бараните податоци да може да ги обезбедат економските оператори без неразумни потешкотии, вклучувајќи ги и економските оператори од други земји потписнички на меѓународни спогодби кои се ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Оддел 5

Средства за обезбедување

Член 101

Гаранција на понудата

(1) Договорниот орган бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција или изјава за сериозност на понудата и тоа го наведува во огласот и во тендерската документација.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган не бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција кај набавката од мала вредност и поедноставената отворена постапка.

(3) Во случаите на банкарска гаранција, договорниот орган ја изразува бараната вредност како процент од вредноста на понудата, при што не смее да бара висина на гаранција поголема од 3% од вредноста на понудата без вклучен ДДВ.

(4) Со изјавата за сериозност на понудата, понудувачот изјавува дека нема да ги преземе дејствијата од ставот (6) на овој член. Доколку понудувачот ја прекрши дадената изјава, договорниот орган го исклучува од натамошната постапка и постапува согласно со ставот (7) на овој член.

(5) Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

(6) Договорниот орган ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

(7) Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

(8) Забраната за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки согласно со условите од ставот (7) на овој член се однесува и на групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца.

(9) За ситуациите од ставот (6) алинеи 1 и 2 на овој член предлогот за издавање негативна референца се содржи во извештајот за спроведена постапка.

(10) За ситуациите од ставот (6) алинеи 3 и 4 на овој член предлогот за издавање негативна референца до одговорното лице на договорниот орган го поднесува лицето или организацискиот облик за јавни набавки.

(11) За објавување негативна референца согласно со случаите од ставот (6) на овој член, договорниот орган одлучува со одлуката за избор или за поништување на постапката, а економскиот оператор има право на жалба во жалбена постапка согласно со овој закон.

(12) Негативната референца од ставот (7) на овој член договорниот орган ја објавува во рок од три работни дена од денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

(13) Врз основа на објавените негативни референци се креира листа на издадени негативни референци која е достапна на ЕСЈН.

(14) По истекот на рокот утврден во ставот (7) на овој член објавената негативна референца автоматски се брише од листата на издадени негативни референци.

(15) Банкарската гаранција треба да е со важност не помалку од денот на истекот на важноста на понудата.

(16) Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на банкарската гаранција.

(17) Банкарската гаранција им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни во рамките на периодот на нејзината важност.

(18) Банкарската гаранцијата на понудувачот чија понуда е избрана за најповолна му се враќа откако ќе го потпише договорот за јавна набавка и ќе достави гаранција за квалитетно извршување, доколку истата се бара.

Член 102

Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот

(1) Договорниот орган може да бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција и тоа го наведува во огласот и во тендерската документација.

(2) Висината на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот може да биде од 5% до 15% од вредноста на договорот за јавна набавка.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот не се бара кај конкурсот за избор на идејно решение, договорите за јавни набавки на консултантски услуги и при доделување рамковна спогодба.

(4) Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот може да се бара кај поединечните договори што се доделуваат врз основа на рамковна спогодба.

(5) Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка.

(6) Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

(7) Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 103

Гаранција за авансно плаќање

(1) Договорниот орган, согласно со обврските од договорот за јавна набавка, може да предвиди авансно плаќање.

(2) За договорните органи од класичниот јавен сектор, авансот не може да биде поголем од 20% од вредноста на договорот.

(3) Договорниот орган пред исплата на авансот од ставот (2) на овој член задолжително обезбедува банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

Член 104

Користење други видови гаранции

(1) Договорниот орган со тендерската документација може да утврди и други видови гаранции согласно со посебен закон и во зависност од природата на предметот на набавка за аспекти од договорот кои не се опфатени со гаранциите од членовите 101, 102 и 103 од овој закон.

(2) Во случај кога договорниот орган бара друг вид гаранции, во тендерската документација го предвидува видот и условите на гаранцијата.

Оддел 6

Правила за спроведување на постапката за јавна набавка

Член 105

Подготовка и поднесување на понудите

(1) Понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

(2) Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.

(3) Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

(4) Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во валута како што е утврдено во тендерската документација.

(5) Кај набавката на консултантски услуги, техничката и финансиската понуда се доставуваат во одделни документи.

(6) Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на набавка. Доколку предметот на набавка е поделен во делови, цената на понудата се изразува посебно за оној дел за кој се поднесува понудата согласно со тендерската документација.

(7) Договорниот орган во тендерската документација ја утврдува валутата или валутите во кои може да се изрази цената на понудата, како и валутата што ќе се користи за евалуација на понудите. Курсната листа што ќе се користи е онаа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние што важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

(8) Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

Член 106

Групна понуда

(1) Договорниот орган, во постапката за јавна набавка на услуги или работи, како и во постапката за јавна набавка на стоки кои вклучуваат дополнителни услуги или активности за нивно поставување и вградување, може да бара од правните лица да ги наведат имињата и релевантните професионални квалификации на персоналот одговорен за извршување на договорот.

(2) Во постапките за јавни набавки може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата. Договорниот орган нема да бара од групата економски оператори да има соодветна правна форма како услов за поднесување групна понуда или групна пријава за учество.

(3) Договорниот орган во тендерската документација може да појасни како групите економски оператори ќе ги исполнат условите за утврдување на економската и финансиската состојба или техничката и професионалната способност, доколку е тоа сразмерно и оправдано од објективни причини.

(4) Условите за извршување на договорот за јавна набавка, кои мора да ги исполнуваат групите економски оператори, а кои се различни од оние што важат за поединечните учесници во постапката за јавна набавка, мора да бидат сразмерни и оправдани од објективни причини.

(5) Составен дел на групна понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

(6) Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

(7) Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку:

- е носител на групата економски оператори,
- групата економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување способност што се барале во постапката без тој член или
- останатите членови од групата солидарно не ги преземаат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

(8) Повлекувањето член од групата економски оператори спротивно на ставот (7) на овој член се смета за повлекување на групната понуда.

(9) Договорниот орган, по извршениот избор на најповолна понуда, од групата економски оператори може да побара, тие да се здружат во соодветна правна форма заради извршување на договорот.

Член 107

Правило за учество во една понуда или во една пријава за учество

(1) Кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда.

(2) Сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

(3) Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една пријава за учество, односно понуда.

Член 108

Отворање на понудите

(1) Отворањето на понудите кај набавката од мала вредност со објавување оглас, поедноставената отворена постапка, отворената постапка, втората фаза од ограничената постапка и кај фазата на поднесување на понудите од конкурентниот дијалог е јавно.

(2) Отворањето на понудите започнува во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, освен кај набавката на консултантски услуги.

(3) При отворањето на понудите ниту една понуда не се отфрла.

(4) Во моментот на отпочнување на отворањето на понудите, ЕСЈН на понудувачите ќе им овозможи пристап до следните податоци:

- бројот на огласот за кој е поднесена секоја понуда,
- името на понудувачот и
- цената на понудата и валутата во која е искажана понудата.

(5) Во моментот на отпочнување на отворањето на понудите, ЕСЈН ќе ѝ овозможи на комисијата целосен пристап до сите документи доставени од страна на понудувачите.

(6) Кај набавка на консултантски услуги комисијата најпрвин ги евалуира техничките понуди, а по евалуацијата на техничките понуди во согласност со условите од тендерската документација закажува отворање на финансиските понуди на прифатливите понудувачи, при што сите понудувачи мора да бидат известени за датумот и времето на отворање на финансиските понуди.

(7) Пред да пристапи кон евалуација на понудите, комисијата изготвува записник од отворањето на понудите во кој се внесуваат следниве податоци:

- за договорниот орган,
- времето на отворање на понудите,
- повикувањето на бројот на огласот,
- името и презимето на членовите на комисијата или нивните заменици,
- бројот на примените понуди,
- називот (името) на понудувачите,
- понудените цени,
- забелешките на понудувачите и
- други информации што ги смета за потребни.

(8) Записникот го потпишува претседателот на комисијата или неговиот заменик.

(9) ЕСЈН го прави достапен записникот од отворањето на понудите на сите понудувачи кои доставиле свои понуди веднаш по неговото прикачување на системот.

(10) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на записникот од отворањето на понудите.

Член 109

Евалуација на понудите

(1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот.

(2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

(3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата.

(4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

(5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок.

(6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.

(7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

(8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

(9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.

(10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член.

(11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Член 110

Невообичаено ниска цена

(1) Договорниот орган бара од економскиот оператор, во примерен рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на стоките, услугите или работите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен. Договорниот орган, во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста на

понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.

(2) Објаснувањето од ставот (1) на овој член особено се однесува на:

- економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на стоките или услугите или за изведувањето на работите,
- оригиналноста на стоките, услугите или работите понудени од страна на понудувачот,
- исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од овој закон,
- исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

(3) Договорниот орган ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од ставот (2) на овој член.

(4) Договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции кои се ратификувани во Република Македонија.

(5) Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде прифатена ако по барање дополнителни појаснувања, понудувачот докаже дека му била доделена државна помош во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Член 111

Извештај од спроведената постапка

(1) Кај поедноставената отворена постапка, отворената постапка, ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации комисијата изготвува извештај од спроведената постапка.

(2) Во зависност од спроведената постапка, извештајот од ставот (1) на овој член особено содржи:

- име и адреса на договорниот орган, предмет и проценета вредност на набавката,
- име на избраните кандидати или понудувачи и образложение за нивниот избор,
- име на кандидатите или понудувачите чии пријави за учество или понуди се отфрлени и причините што довеле до нивно отфрлање,
- причини за отфрлање на понудите со невообичаено ниска цена и
- име на понудувачот или понудувачите чија понуда е избрана за најповолна и начинот и причините за извршениот избор.

(3) Извештајот за оценување на способноста на кандидатите кај ограничената постапка, конкурентниот дијалог, конкурентната постапка со објавување, постапката со преговарање со објавување оглас и партнерството за иновации е составен дел од извештајот од спроведената постапка.

(4) При избор на најповолна понуда, одговорното лице е должно да го прифати извештајот на комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда, освен ако утврди дека предлогот е изготвен спротивно на одредбите на овој закон.

(5) Начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 112

Одлука за избор на најповолна понуда

(1) Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука.

(2) Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

(3) Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел.

(4) Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

(5) Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

Член 113

Известување на кандидатите и понудувачите

(1) Договорниот орган, во зависност од постапката за јавна набавка, ги известува кандидатите, односно понудувачите за одлуките во врска со утврдената способност, извршениот избор на најповолна понуда, склучувањето на рамковната спогодба, вклучувањето во динамичниот систем за набавки или поништувањето на постапката за јавна набавка. Известувањето се доставува во рок од три дена од денот на донесувањето на соодветната одлука, освен во случаите на управна контрола.

(2) Во прилог на известувањето се доставува и примерок од соодветната одлука.

(3) Известувањето од ставот (1) на овој член се испраќа преку ЕСЈН.

(4) Во зависност од постапката за јавна набавка, со известувањето од ставот (1) на овој член договорниот орган е должен да го извести понудувачот или понудувачите чија понуда е избрана за најповолна, како и кандидатите или понудувачите што биле одбиени или оние чија понуда не била избрана за најповолна, за причините за донесување на одлуката и тоа секој:

- неизбран кандидат за причините за отфрлање на неговата пријава за учество,
- понудувач чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда, со детално образложение зошто понудата е неприфатлива и
- понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

(5) По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

Член 114

Поништување на постапката

(1) Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

(2) Во случај на поништување на постапката за јавна набавка врз основа на ставот (1) алинеја 7 на овој член, договорниот орган не смее да спроведе нова постапка за истиот предмет на набавка во период од една година од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката.

(3) Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

(4) Договорниот орган објавува известување за поништување на дел или на целата постапка за јавна набавка на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на поништувањето на постапката.

Член 115

Период на мирување

Договорниот орган не смее да го потпише договорот за јавна набавка и да пристапи кон негово извршување до конечноста на одлуката за избор на најповолна понуда, освен:

- во случаите на постапка со преговарање без објавување оглас,
- во случај кога во постапката учествувал само еден понудувач чија понуда е избрана за најповолна или
- во случај на поединечни договори за јавни набавки врз основа на рамковна спогодба, динамичен систем за набавки или квалификациски систем.

Глава IV

ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 116

Склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба

(1) Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

(2) Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

(3) Во случај на рамковна спогодба со повеќе економски оператори, договорниот орган склучува една рамковна спогодба со сите економски оператори или одделни рамковни спогодби со секој економски оператор поединечно.

(4) Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на договор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на договорот.

Член 117

Извршување на договорот

(1) Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

(2) Договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

(3) На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Член 118

Подизведување

(1) Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

(2) Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

(3) Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,

- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

(4) Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од ставот (2) на овој член.

(5) Договорниот орган не смее да го одобри барањето на носителот на набавка:

- во случаите од ставот (3) алинеи 1 и 2 на овој член, доколку носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,

- во случаите од ставот (3) алинеја 3 на овој член, ако носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

(6) Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

(7) За одбивањето на подизведувачот, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

(8) Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од овој закон, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,

- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

(9) Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

Член 119

Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност

(1) Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка во следниве случаи:

1. доколку измените, без оглед на нивната парична вредност, се предвидени во тендерската документација на јасен, прецизен и недвосмислен начин, како што се одредби за корекција на цени или опции. Во тие одредби мора да биде наведен обемот и природата на можните измени или опции, како и условите под кои може да се користат, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

2. за набавка на стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и

- ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган;

3. доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

4. доколку првичниот носител на набавка го заменува друг економски оператор кој ги исполнува сите првично одредени услови во тендерската документација од спроведената постапка и кој е правен наследник на првичниот носител на набавка по извршено преструктурирање на претпријатието, вклучувајќи преземање, здружување, спојување или стечај, доколку тоа не вклучува други значителни промени на договорот и со тоа не се избегнува примената на овој закон;

5. доколку промената, без оглед на нејзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) на овој член.

(2) Во случаите од ставот (1) точки 2 и 3 на овој став, вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста на сите промени заедно. Доколку договорот за јавната набавка вклучува одредба за корекција на цени, основ за пресметување на максималната дозволена вредност на измените е вредноста на договорот со ажурираните цени.

(3) Договорниот орган кој ќе изврши измени на договорот или на рамковната спогодба согласно со ставот (1) точки 2 или 3 на овој член објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор.

(4) Измената на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба се смета за значителна доколку поради неа договорот или рамковната спогодба значително се разликува од првично доделениот договор за јавна набавка или рамковна спогодба, а особено ако:

а) со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапката за јавна набавка, би овозможиле учество на други кандидати освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка;

б) со измената се менува економската рамнотежа на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во корист на носителот на набавка на начин што не бил предвиден во првичниот договор или рамковна спогодба;

в) со измената значително се проширува опфатот на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба;

г) друг економски оператор го заменува првичниот носител на набавка, освен во случаите од ставот (1) точка 4 на овој член.

(5) За измени на одредбите од важечки договор за јавна набавка или рамковна спогодба кои не се содржани во ставот (1) на овој член, договорниот орган е должен да спроведе нова постапка за јавна набавка согласно со овој закон.

(6) Причините за измена на договорот или рамковната спогодба и нивното образложение договорниот орган соодветно ги документира.

(7) Во случаите од ставот (1) точка 2 на овој член, документацијата во врска со измените вклучува објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто истите не биле вклучени во основниот договор или рамковна спогодба, како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

(8) Во случаите од ставот (1) точка 3 на овој член, документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор или рамковна спогодба, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба.

Член 120

Раскинување договор за јавна набавка

Договорниот орган го раскинува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба за време на важноста доколку:

а) договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;

б) носителот на набавка се наоѓал во една од ситуациите поради кои договорниот орган морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката или

в) договорот или рамковната спогодба не требало да му се додели на носителот на набавка поради сериозни повреди на овој закон кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

Глава V

ПОСЕБНИ УСЛУГИ

Член 121

Набавка на посебни услуги

(1) Јавната набавка на посебни услуги се врши во согласност со оваа Глава.

(2) Договорниот орган може да одлучи да ги врши јавните набавки од оваа Глава со користење соодветна постапка во согласност со членот 47 од овој закон, при што ги применува правилата за соодветната постапка.

(3) При вршење на јавните набавки на посебни услуги во согласност со оваа Глава, договорниот орган ги применува начелата на јавните набавки утврдени во овој закон во однос на транспарентност, определување на предметот на набавка, техничките спецификации, како и потребата да се обезбеди квалитет, континуитет, ценовна достапност, расположливост и сеопфатност на услугите, посебните потреби на различните групи корисници, вклучувајќи ги и маргинализираните и ранливите групи, соработката и зацврстување на улогата на корисниците и иновативноста.

(4) Договорниот орган може да одлучи најповолната понуда да се избира врз основа на критериумот најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, имајќи ги предвид квалитетот и одржливоста на посебните услуги.

(5) Министерот за финансии поблиску ги определува видовите на посебни услуги.

Член 122

Огласи и известувања за посебни услуги

(1) Договорниот орган кој врши набавка на посебни услуги со проценета вредност над вредностите од членот 40 на овој закон, својата намера ја објавува на еден од следните начини, освен доколку се исполнети условите за користење на постапката со преговарање без објавување оглас:

а) со оглас за јавна набавка;

б) со претходно информативно известување или со периодично индикативно известување во секторските дејности, при што известувањето мора изречно да се однесува на видот на услугите кои се предмет на набавка. Во известувањето се наведува дека договорите ќе се доделуваат без натамошно објавување и треба да содржи покана заинтересираните економски оператори да го изразат својот интерес;

в) во секторските дејности, со оглас за воспоставување квалификациски систем кој се објавува континуирано.

(2) За исходот од постапката за јавна набавка на посебни услуги, договорниот орган објавува поедноставено известување за склучен договор.

(3) Известувањата од ставот (2) на овој член може да се објавуваат квартално, при што договорниот орган ги објавува во рок од десет дена по истекот на секој квартал.

Член 123

Резервирани договори за набавка на посебни услуги

(1) Договорниот орган во постапката за јавна набавка може да одлучи правото на учество да го резервира на одредени организации, исклучиво кога се набавуваат здравствени, социјални и културни услуги опфатени со шифрите од ЗПЈН 75121000-0, 75122000-7, 75123000-4, 79622000-0, 79624000-4, 79625000-1, 80110000-8, 80300000-7, 80420000-4, 80430000-7, 80511000-9, 80520000-5, 80590000-6, од 85000000-9 до 85323000-9, 92500000-6, 92600000-7, 98133000-4 и 98133110-8.

(2) Доколку договорниот орган ја користи оваа можност, организацијата од ставот (1) на овој член мора да ги исполнува следните услови:

а) нејзината цел е обезбедување јавни услуги поврзани со обезбедувањето услуги од ставот (1) на овој член;

б) добивката се реинвестира заради остварување на целите на организацијата согласно со закон;

в) управувачката или сопственичката структурата на организација се темели на сопственост на вработените согласно со закон, односно бара активно учество на вработените, корисниците или заинтересираните страни и

г) договорниот орган во последните три години на организацијата не ѝ доделил договор за тој вид услуги во согласност со овој член.

(3) Времетраењето на договорот не смее да е подолго од три години.

(4) За утврдување на исполнетоста на условите од ставот (2) на овој член, договорниот орган бара докази во вид на акт за основање или статут од организацијата.

(5) Договорниот орган кој ја користи оваа можност за резервирани договори, тоа го наведува во огласот или известувањето од членот 122 од овој закон.

Глава VI

ПРАВИЛА СО КОИ СЕ УРЕДУВААТ КОНКУРСИТЕ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

Член 124

Примена

(1) Одредбите од оваа глава се применуваат на:

а) конкурси за избор на идејно решение организирани како дел од постапка за јавна набавка на услуги или дел од постапка за јавна набавка за работи во случаите на проектирање и изведување работи и

б) конкурси за избор на идејно решение со награди или исплати на учесниците.

(2) Во случаите од ставот (1) точка а) на овој член, проценетата вредност на конкурсот за избор на идејно решение се заснова на проценетата вредност на договорот за јавна набавка на услуги, вклучувајќи ги сите потенцијални награди или исплати на учесниците.

(3) Во случаите од ставот (1) точка б) на овој член, проценетата вредност се утврдува како вкупен износ на наградите и исплатите, вклучувајќи ја и проценетата вредност на договорот за јавна набавка за услуги што подоцна може да се додели во согласност со членот 55 став (4) од овој закон, доколку договорниот орган во огласот ја навел својата намера да додели таков договор.

Член 125

Огласи и известување

(1) За организирање и спроведување конкурс за избор на идејно решение договорниот орган објавува оглас. Доколку договорниот орган планира да додели договор за јавна набавка на услуги во согласност со членот 55 став (4) од овој закон, тоа го наведува во огласот.

(2) Договорниот орган кој спровел конкурс за избор на идејно решение ги објавува резултатите од конкурсот во рок од десет дена од денот на завршување на истиот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, договорниот орган не е должен да објави информации за резултатот од конкурсот, доколку нивното откривање би го попречиле спроведувањето на законот, доколку тоа би било во спротивност со јавниот интерес или би наштетило на легитимните деловни интереси на економските оператори или може да влијае на фер-конкуренцијата меѓу давателите на услуги.

Член 126

Правила за организирање конкурс за избор на идејно решение

(1) Договорниот орган, при организирање и реализирање конкурс за избор на идејно решение, ги применува правилата кои се во согласност со општите одредби од овој закон и одредбите од оваа Глава.

(2) Договорниот орган не смее да го ограничува учеството во конкурсот за избор на идејно решение на учесниците:

а) со упатување на подрачје или дел од подрачје на земјата;

б) врз основа на тоа дека според материјалните прописи учесниците мора да бидат само физички или само правни лица.

(3) Доколку договорниот орган го ограничува бројот на учесници во конкурсот за избор на идејно решение, одредува јасни и недискриминаторски услови за учество.

(4) Бројот на избрани учесници мора да биде доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција.

Член 127

Жири-комисија

(1) Оценувањето на плановите или проектите поднесени на конкурсот за избор на идејно решение го врши жири комисија избрана од договорниот орган составена од најмалку три члена кои се независни од учесниците на конкурсот и се лица со соодветни професионални квалификации и искуство во таа област.

(2) Ако од учесниците на конкурсот се бара посебна стручна квалификација, најмалку третина од членовите на жири комисијата мора да имаат исти или соодветни стручни квалификации како учесниците.

(3) Анонимноста на учесниците мора да се запази пред жири комисијата сè додека таа не донесе мислење или одлука.

(4) Жири комисијата е самостојна во работата и донесувањето на своите одлуки.

(5) Жири комисијата ги оценува поднесените планови и проекти врз основа на критериумите за оценување наведени во огласот.

(6) Жири комисијата поднесува извештај до договорниот орган и до учесниците, потпишан од сите нејзини членови, во кој е претставено рангирањето на плановите или проектите врз основа на нивната квалитативна оцена и конкретните забелешки и доколку е потребно, листа на прашања што треба да се разјаснат.

(7) Жири комисијата може да ги повика учесниците на конкурсот да одговорат на прашањата од ставот (6) на овој член заради разјаснување на сите аспекти што се однесуваат на предложениот план или проект.

(8) Жири комисијата води записник од дискусиите што се воделе согласно со одредбите од ставот (7) на овој член.

Глава VII

ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА И ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 128

Завршување на постапката

(1) Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

(2) Договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација во рок од 30 дена по завршувањето на постапката.

Член 129

Евиденција на постапките за јавни набавки

(1) Договорниот орган води посебна евиденција на постапките за јавни набавки.

(2) Евиденцијата од ставот (1) од овој член се води во посебна евидентна книга во електронска форма на ЕСЈН.

(3) Во евидентната книга се евидентираат сите документи што произлегуваат од соодветната постапка за јавна набавка.

(4) По завршување на постапката за јавна набавка, договорниот орган оформува досие за постапката за јавна набавка.

(5) Договорниот орган го чува досието за постапката согласно со роковите утврдени во прописите што го уредуваат архивското и канцелариското работење.

(6) Во зависност од спроведената постапка за јавна набавка, досието за постапката особено содржи:

- одлука за јавна набавка,
- претходно информативно известување или периодично индикативно известување,
- записник од спроведениот технички дијалог,
- оглас за доделување договор за јавна набавка,
- тендерска документација,
- пристигнати пријави за учество,
- комуникација меѓу договорниот орган и економските оператори,
- извештај за оценување на способноста на кандидатите,
- одлука за избор на квалификувани кандидати,
- пристигнати понуди,
- извештаи од надворешните стручни лица,
- извештај за извршената евалуација,
- одлука за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката,
- потпишан договор за јавна набавка или рамковна спогодба,
- известување за склучен договор и
- известување за реализиран договор.

(7) Примерок од досието за постапката што се спровела во електронска форма преку ЕСЈН се чува во ЕСЈН најмалку пет години од денот на склучување на договорот за јавна набавка или од конечноста на одлуката за поништување на постапката на начин кој обезбедува зачувување на интегритетот на податоците.

(8) Начинот на водење евиденција на постапките за јавни набавки, како и содржината на евидентната книга ги пропишува министерот за финансии.

Глава VIII

ПРАВНА ЗАШТИТА

Поглавје 1

Државна комисија за жалби по јавни набавки

Член 130

Надлежност на Државната комисија

(1) Државната комисија за жалби по јавни набавки (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за:

- решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон,
- решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство и

- други работи согласно со закон.

(2) Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките од ставот (1) на овој член, како и за други работи согласно со закон.

(3) Државната комисија одлучува и за други барања кои во жалбената постапка е дозволено да ги поднесат странките во постапката.

(4) Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат при обезбедувањето правна заштита во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.

(5) Во постапките за јавни набавки во кои Државната комисија е договорен орган не е дозволена жалба, туку може да се покрене управен спор пред надлежниот суд. Тужбата го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба до правосилноста на пресудата.

(6) Управниот суд одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на тужбата од ставот (5) на овој член.

Член 131

Својство на Државната комисија

(1) Државната комисија е државен орган кој е независен и самостоен во својата работа и има својство на правно лице.

(2) Државната комисија има стручна служба.

(3) Со стручната служба раководи генерален секретар на Државната комисија кој учествува и на седниците на Државната комисија без право на глас.

(4) На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и од Законот за вработените во јавниот сектор.

(5) Седиштето на Државната комисија е во Скопје.

(6) Државната комисија се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Член 132

Состав и именување

(1) Државната комисија е составена од претседател и четири члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место.

(2) Претседателот и најмалку двајца од членовите на Државната комисија се од областа на правото.

(3) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува по пат на јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(4) Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на уште еден избор.

(5) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Македонија;

2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од соодветната област;

4. има работно искуство од најмалку седум години од кои најмалку пет години од областа на јавните набавки и

5. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(6) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Македонија;

2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото;

4. има положено правосуден испит;

5. во последните пет години не бил член на органите на управување на политичка партија;

6. има работно искуство од најмалку седум години од кои пет години во областа на јавните набавки и

7. поседува еден од следните меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

(7) Претседателот и членовите на Државната комисија од редот на своите членови избираат заменик-претседател со мнозинство гласови, по принципот на ротација на секои шест месеци.

(8) Претседателот и членовите на Државната комисија не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата.

(9) За време на траењето на мандатот претседателот и членовите на Државната комисија имаат право на плата. Коефициентот за пресметување на платата на претседателот на Државната комисија и на членовите го утврдува Собранието на Република Македонија.

Член 133

Разрешување на претседател или на член на Државната комисија

(1) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот и/или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот, ако:

- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- ги исполни условите за старосна пензија,
- врши работи кои се неспојливи со функцијата член или претседател на Државната комисија или
- настапи смрт на претседателот или на членот.

(2) За постоењето причини за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот, претседателот (или заменикот во случај на разрешување на претседателот) е должен да го извести Собранието на Република Македонија.

(3) Собранието на Република Македонија започнува постапка за утврдување предлог за именување претседател и членови на Државната комисија најмалку три месеци пред истекот на нивниот мандат. Постапката за именување треба да заврши најмалку 30 дена пред редовниот истек на мандатот на претседателот и членовите.

Член 134

Деловник

Со Деловник се уредува начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија.

Член 135

Извештаи на Државната комисија

(1) Државната комисија поднесува годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

(2) На барање на Собранието на Република Македонија, Државната комисија е должна да поднесе извештај и за период пократок од една година.

(3) Годишниот извештај особено содржи:

- број на примени предмети,
- број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби),
- број на поништени постапки,
- број на нерешени предмети,
- број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети),
- статистичка анализа на жалбените постапки и
- оцена на состојбата со правната заштита и на системот за јавни набавки во целина.

(4) Стручната служба на Државната комисија го подготвува годишниот извештај за работата на Државната комисија.

(5) Државната комисија донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

(6) На финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија согласност дава Собранието на Република Македонија.

Член 136

Забрана за влијание врз Државната комисија

Се забранува секој облик на влијание врз донесувањето на одлуките на Државната комисија, а особено секоја злоупотреба на јавните овластувања, заради влијаење на текот и исходот на постапката.

Поглавје 2

Општи одредби за жалбената постапка

Член 137

Правна природа и начела на жалбената постапка

(1) На дејствијата во жалбената постапката кои не се уредени со одредбите од овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

(2) Жалбената постапка се темели на начелата на законитост, ефикасност, достапност, транспарентност и контрадикторност.

(3) Во жалбената постапка се одлучува за законитоста на постапките, дејствијата, пропуштањата за преземање дејствија и одлуките донесени во постапките за јавни набавки, како и за законитоста на договорите за јавни набавки и рамковните спогодби склучени без примена на постапка за јавна набавка.

(4) Се забранува секој договор помеѓу странките кој влијае или би можел да влијае врз исходот од жалбената постапка.

(5) Секој договор склучен спротивно на одредбите од ставот (4) на овој член е ништовен.

Член 138

Право на жалба

(1) Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.

(2) Правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес.

(3) Субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член (во натамошниот текст: жалител) имаат право да изјават жалба.

Член 139

Странки во жалбената постапка

Странки во жалбената постапка се жалителот, договорниот орган, избраниот кандидат и избраниот најповолен понудувач.

Член 140

Правила за докажување

(1) Во жалбената постапка странките се должни да ги изнесат сите факти на кои ги засноваат своите барања, како и дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка и да достават соодветни докази за тоа.

(2) Во жалбената постапка договорниот орган е должен да ги докаже фактите и околностите врз основа на кои ја донел својата одлука, презел дејствија или пропуштил да преземе дејствија во реализација на постапката за јавна набавка која е предмет на жалбена постапка.

(3) Во жалбената постапка жалителот е должен да докаже или да го стори веројатно постоењето на фактите и причините кои се однесуваат на правото за поднесување жалба, повреда на постапката или повреда на материјалното право, кои се истакнати во жалбата.

Член 141

Постапување на Државната комисија и битни повреди на Законот

(1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член.

(2) Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се:

1. утврдување пократок рок за поднесување понуди или пријави за учество од минималниот рок утврден со овој закон;

2. изменатa на огласот не е објавена, а постоела обврска за тоа согласно со одредбите од овој закон;

3. кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка бидејќи постојат причини за негово исклучување;

4. по истекот на рокот за поднесување понуди во отворена или ограничена постапка договорниот орган водел преговори или понудувачот ја изменил својата понуда спротивно на одредбите од овој закон;

5. критериумите за способност не се утврдени во согласност со овој закон и

6. тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција.

(3) Државната комисија нема да ја разгледува фактичката и правната состојба за што решавала во претходна жалба во иста постапка за јавна набавка.

Поглавје 3

Изјавување жалба

Член 142

Начин на изјавување на жалбата

(1) Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, жалбата во случаите од членот 31 став (3) од овој закон се изјавува и доставува во хартиена форма.

(3) Во случај на жалба во електронска форма, денот на испраќање на жалбата во ЕСЈН се смета за ден на поднесување.

(4) Во случај на жалба во хартиена форма, денот на испраќање на жалбата до Државната комисија се смета за ден на поднесување.

(5) Предметот за работа се распределува кај претседателот и членовите на Државната комисија по случаен електронски избор, преку електронски систем за распределба на предмети.

Член 143

Рокови за изјавување жалба во отворена постапка, поедноставена отворена постапка и набавка од мала вредност

(1) Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;

2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;

3. отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или

4. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

(2) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Член 144

Рокови за изјавување жалба во ограничена постапка, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување оглас, конкурентен дијалог и партнерство за иновации

(1) Во ограничената постапка, вклучувајќи и динамичен систем за набавки, конкурентната постапка со преговарање, постапката со преговарање со објавување оглас, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;

2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;

3. прием на одлуката за избор на квалификувани кандидати, во однос на причините за изборот, односно неизборот на кандидатите;

4. прием на поканата за поднесување понуда, за учество во дијалогот или во преговорите, или за доставување дополнителна документација, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација, како и на содржината на поканата или дополнителната документација, освен ако истата документација не била ставена на располагање истовремено со објавувањето на огласот за јавна набавка;

5. прием на одлуката за отфрлање на првичната понуда или решение, во однос на евалуацијата на првичната понуда или решение;

6. отворање на понудите или конечните понуди, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или

7. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

(2) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Член 145

Рокови за изјавување жалба во постапка со преговарање без објавување оглас

(1) Во постапката со преговарање без објавување оглас, жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на објавување на известувањето за доброволна претходна транспарентност, во однос на случаите и исполнетоста на условите за избор на постапката, содржината на тендерската документација и евалуацијата и изборот на понудите.

(2) Доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност, жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на одлуката за избор или за поништување, во однос на тендерската документација, евалуацијата и изборот на понудите, односно за причините за поништување на постапката.

(3) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

(4) Доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност, жалбата се изјавува во рок од 30 дена од денот на објавување на известувањето за склучен договор, во однос на случаите и исполнетоста на условите за избор на постапката.

(5) Доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност и пропуштил да објави известување за склучен договор, жалбата се изјавува согласно со членот 147 од овој закон.

Член 146

Рокови за изјавување жалба во постапката за јавна набавка на посебни услуги

(1) Во постапката за јавна набавка на посебни услуги жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на:

1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;

2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации или

3. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација, како и во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

(2) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1 и 2 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Член 147

Рок за изјавување жалба во случај на склучување договор без претходно спроведување постапка за јавна набавка

Рокот за жалба во случај на договор кој е склучен без претходно спроведување постапка за јавна набавка е 60 дена од сознанието за таквиот договор, а може да се изјави не подолго од истекот на рокот од шест месеци од денот на склучување на договорот.

Член 148

Рок за изјавување жалба во случај на доделување поединечен договор врз основа на рамковна спогодба

Рокот за жалба во случај на поединечен договор врз основа на рамковна спогодба со повеќе економски оператори е три дена од денот на приемот на одлуката за избор, во однос на постапката за доделување на поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба.

Член 149

Рок за изјавување жалба во случај на измена на договорот за време на неговата важност

(1) Рокот за жалба во случај на склучување договор за измена на договор за јавна набавка за време на неговата важност е десет дена од денот на објавување известување за измена на договорот за време на неговата важност, во однос на случаите и околностите со кои се оправдува измената на договорот.

(2) Доколку договорниот орган не објавил известување на измена на договорот, жалба се изјавува согласно со членот 147 од овој закон.

Член 150

Рок за изјавување жалба во останатите случаи

Во сите останати случаи кои не се опфатени со одредбите од членовите 143, 144, 145, 146, 147, 148 и 149 од овој закон, рокот за изјавување жалба изнесува десет дена од денот на прием на известувањето или одлука со која се одлучува за поединечно право на жалителот, односно од истекот на рокот за преземање на дејствието, во однос на дејствијата, одлуките, постапките и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган, кои согласно со одредбите од овој закон требало да се преземат, односно други дејствија со кои се повредило субјективно право на жалителот.

Член 151

Повлекување на жалбата

(1) Жалителот може да ја повлече жалбата до моментот на донесување одлука по жалбата од страна на Државната комисија.

(2) Доколку жалбата е изјавена од група економски оператори, таа може да се повлече само ако сите членови во групата се согласуваат за нејзиното повлекување.

(3) Повлекувањето на жалбата не може да се откаже.

(4) Во случај на повлекување на жалбата, Државната комисија ја запира постапката.

Член 152

Постапување на договорниот орган во врска со жалбата

(1) Договорниот орган е должен веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од денот на прием на жалбата, да ги направи достапни за Државната комисија преку ЕСЈН:

- жалбата со сите прилози, податоци и доказ за датумот на приемот,
- одговорот на жалбата со образложение на фактите и правните наводи, како и жалбените барања, хронологијата на постапката за доделување договор за јавна набавка, со наводи за битните елементи на постапката за јавна набавка (проценета вредност, податоци за огласот, постапката на отворање на понудите, евалуација на понудите, одлука за избор и друго),
- понудите на понудувачите, а најмалку на подносителот на жалбата, избраниот и оние способни понудувачи кои имале можност да бидат избрани и
- други докази за постоењето претпоставени околности за донесување законити одлуки, дејствија или пропуштања за преземање дејствија во постапката за доделување договор за јавна набавка.

Член 153

Непостапување на договорниот орган

(1) Ако договорниот орган не постапи согласно со членот 152 од овој закон, Државната комисија без одлагање ќе го повика да го стори истото во рок од пет дена со укажување на правните последици ако тоа не го стори.

(2) Ако договорниот орган не постапи во согласност со повикот од ставот (1) на овој член, Државната комисија ќе донесе одлука без документацијата од членот 152 од овој закон.

Член 154

Известување на избраниот понудувач и кандидат

(1) За постоење жалбена постапка, Државната комисија без одлагање го известува избраниот понудувач или кандидат преку ЕСЈН, ако тој постои во фазата во која е изјавена жалбата.

(2) Избраниот понудувач или кандидат може да даде свој одговор по жалбата, во рок од три дена од денот на добивање на известувањето од ставот 1 на овој член.

Поглавје 4

Содржина и дејство на жалбата

Член 155

Содржина на жалбата

(1) Жалбата ги содржи следниве елементи:

- податоци за подносителот на жалбата (име и презиме, назив на економскиот оператор, адреса на престојувалиште и седиште),
- податоци за застапникот или полномошникот,
- назив и седиште на договорниот орган,
- број и датум на постапката за јавна набавка и податоци за огласот за јавната набавка,
- број и датум на одлуката за избор на најповолна понуда, поништување на постапката или други одлуки на договорниот орган,
- податоци за дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган,
- опис на фактичката состојба,
- опис на неправилностите и образложение по истите,
- предлог на докази,
- жалбено барање и/или барање за надоместок на трошоците за постапката и
- потпис на овластено лице.

(2) Подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надоместок за водење на постапката.

Член 156

Постапување со неуредна жалба

(1) Доколку доставената жалба не ги содржи најмалку податоците од членот 155 став (1) алинеи 1, 3, 4, 5 и 9 на овој закон, Државната комисија ќе побара од подносителот да ја дополни жалбата и ќе одреди рок кој не може да биде подолг од пет дена.

(2) Доколку подносителот не постапи по барањето од ставот (1) на овој член, жалбата ќе се отфрли како неуредна, освен ако од содржината на истата може да се постапи и има поставено жалбено барање.

Член 157

Дејство на жалбата

(1) Поднесената жалба го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Државната комисија може да го одобри склучувањето на договорот или рамковната спогодба на барање на договорниот орган.

(3) Доколку предметот на набавка е поделен на делови, жалбата изјавена против одлуката за избор го одложува склучувањето на договорот или рамковната спогодба за оној дел од предметот на набавка против кој е изјавена жалбата.

(4) Жалбата изјавена против известувањето за доброволна претходна транспарентност го одложува склучувањето на договорот или рамковната спогодба за сите делови од предметот на набавка.

(5) Жалбата не го одложува продолжувањето на постапката до склучување на договорот или рамковната спогодба, освен доколку Државната комисија не одреди времена мерка.

(6) Договорот за јавна набавка и рамковната спогодба потпишани спротивно на овој член се ништовни.

Член 158

Барање за склучување на договорот или рамковната спогодба

(1) Договорниот орган може да поднесе барање за склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба. Барањето се поднесува истовремено со одговорот на жалбата.

(2) Барањето што е поднесено спротивно на ставот (1) од овој член ќе се отфрли.

(3) Барањето за склучување на договорот или на рамковната спогодба може да се поднесе од причини поради кои може да настанат штети заради неспроведување на постапката, а кои се непропорционални на нејзината вредност.

(4) Државната комисија ќе одлучи по барањето за склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба во рок од три дена од денот на поднесувањето.

Член 159

Времени мерки

(1) Жалителот може со жалбата да поднесе предлог за одредување времени мерки со цел навремено исправување на наводното кршење на законот или спречување на наводното настанување штета.

(2) Предмет на предлогот за одредување времена мерка може да биде:

1. запирање на постапката за јавна набавка;

2. спречување на донесувањето или спроведувањето одредена одлука или дејство на договорниот орган или

3. спречување на отпочнувањето нова постапка за јавна набавка за ист или сличен предмет на набавка спротивно на одредбите од овој закон.

(3) Во предлогот за одредување времени мерки, жалителот е должен да ги докаже или да го стори веројатно постоењето на околностите на кои го заснова својот предлог.

(4) Државната комисија ќе одлучи по предлогот за одредување времени мерки во рок од пет дена од денот на добивање пристап до документацијата од членот 152 од овој закон.

(5) Со одлуката со која се одредуваат времени мерки се определува и нивното времетраење.

(6) Земајќи ги предвид можните последици од одредувањето времени мерки за сите заинтересирани страни кои може да бидат оштетени со нивното одредување, вклучувајќи го и јавниот интерес, Државната комисија може да го одбие предлогот ако оцени дека негативните последици од времените мерки ја надминуваат корисноста од нивното одредување.

Поглавје 5

Одлучување на Државната комисија

Член 160

Одлучување во жалбената постапка

(1) Државната комисија во жалбената постапка може да:

1. ја запре жалбената постапка;

2. ја отфрли жалбата поради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост, непостоење правен интерес и поради тоа што е изјавена од неовластено лице;

3. ја одбие жалбата поради неоснованост;

4. ја усвои жалбата и да ја поништи одлуката, постапката или дејството во делот во кој се незаконити, вклучувајќи и дискриминаторни технички, финансиски и други услови од огласот за јавна набавка или тендерската документација;

5. го поништи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, или нивен дел;

6. одлучува за барањето за надомест на трошоците од жалбената постапка;

7. одлучува за предлог за одредување времени мерки;

8. одлучува за барање за склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;

9. одреди парична казна;

10. ја прогласи одлуката за ништовна или

11. ѝ наложи на странката одредено постапување.

(2) Државната комисија за главната работа одлучува со решение, а во останатите случаи со заклучок.

(3) Решението мора да содржи образложение на одлуката на Државната комисија.

(4) Одлуката на Државната комисија станува конечна по извршената достава согласно со членот 167 од овој закон.

(5) Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

(6) Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Член 161

Права на странките во жалбената постапка

(1) Странките во жалбената постапка имаат право да се произнесат за барањата и наводите на другата страна и да предлагаат докази.

(2) Државната комисија ѝ ги доставува на секоја странка поднесоците со кои се расправа за главната работа или со кои се предлагаат нови факти и докази.

Член 162

Усна расправа

(1) Странките можат да предложат одржување усна расправа заради разјаснување на сложената фактичка состојба или одделни правни прашања, со образложение на причините поради кои ја предлагаат.

(2) Државната комисија одлучува по предлогот за одржување на усната расправа.

(3) Државната комисија може да одлучи за одржување усна расправа и во случај кога самата ќе утврди дека истото е потребно заради разјаснување на сложената фактичка состојба или одделни правни прашања.

(4) Во текот на усната расправа се води записник.

(5) Усната расправа е јавна, а јавноста може да биде исклучена заради потребата од чување доверливи информации согласно со закон.

Член 163

Поништување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба

(1) Во жалбената постапка, Државната комисија го поништува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, во целост или делумно, ако договорниот орган склучил:

- договор за јавна набавка или рамковна спогодба без претходно спроведена постапка за јавна набавка, кога тоа е во спротивност на одредбите од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба во постапка за јавна набавка без објавување оглас, кога тоа е во спротивност на одредбите од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба спротивно на членот 115 од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба спротивно на членот 157 од овој закон,
- договор за јавна набавка или рамковна спогодба спротивно на членот 159 од овој закон и
- поединечен договор за јавна набавка врз основа на рамковна спогодба, или динамичен систем за набавки спротивно на членот 57 став (7), односно членот 58 од овој закон.

(2) Во зависност од причините за поништување од ставот (1) на овој член, земајќи ги предвид сите релевантни околности, вклучувајќи ја тежината на повредата на овој закон и постапувањето на договорниот орган, Државната комисија го поништува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, вклучувајќи ги сите негови правни последици од моментот на неговото настанување или само во однос на неговите договорни обврски кои сè уште не се реализирани.

(3) Државната комисија може да одлучи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба да остане на сила во целост или делумно иако е склучен спротивно на условите од ставот (1) на овој член ако, земајќи ги предвид сите релевантни околности, утврди дека преовладуваат оправдани причини поврзани со општиот интерес за Република Македонија заради кои договорот или рамковната спогодба треба да остане на сила.

(4) Економските интереси може да се сметаат за оправдани причини во смисла на ставот (3) на овој член само во исклучителни случаи кога поништувањето на договорот или рамковната спогодба би довело до несразмерни последици.

(5) Економските интереси кои се директно поврзани со предметот на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, како што се трошоците што настануваат поради доцнење со реализација, трошоците за спроведување на новата постапка за јавна набавка, трошоците што може да настанат поради промена на носителот на набавка и трошоците за правните обврски што се резултат од поништување на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба не претставуваат оправдани причини во смисла на ставот (3) на овој член.

Член 164

Парични казни

(1) Доколку Државната комисија, согласно со членот 163 став (2) од овој закон, го поништи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во однос на оние договорни обврски кои сè уште не се реализирани, или доколку донесе одлука согласно со членот 163 став (3) од овој закон, може да одреди парична казна за договорниот орган.

(2) Доколку Државната комисија го одбие предлогот за одредување времени мерки или го одобри склучувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, зависно од одлуката за главната работа, може да одреди парична казна за договорниот орган.

(3) Во одлуката се одредува износот на паричната казна и рокот во кој договорниот орган е обврзан да ја плати.

(4) Паричната казна се одредува сразмерно на исполнувањето на делумно поништениот договор за јавна набавка, преостанатите договорни обврски кои не се исполнети, односно целиот договор чие склучување го дозволила Државната комисија, а се изрекува во износ од 10% до 20% од вредноста на договорот.

(5) Средствата од паричната казна одредена според одредбите од овој закон е приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 165

Надоместок за водење на постапката

(1) Во постапката пред Државната комисија, подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата, и тоа:

- до 10.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 50 евра во денарска противвредност,
- од 10.000 до 70.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 100 евра во денарска противвредност,
- од 70.000 до 130.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 150 евра во денарска противвредност или
- над 130.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 200 евра во денарска противвредност.

(2) Во случај на непостоење понуда, висината на надоместокот за водење на постапката се пресметува врз основа на проценетата вредност на договорот за јавна набавка, при што Државната комисија го известува подносителот на жалбата за висината на надоместокот и рокот во кој треба да достави доказ за негова уплата.

(3) Надоместокот за водење на постапката е приход на Буџетот на Република Македонија.

(4) Субјектите од членот 138 став (2) од овој закон се ослободени од плаќање на надоместок за водење на постапката.

Член 166

Трошоци за жалбената постапка

(1) Во постапката пред Државната комисија секоја странка претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија.

(2) Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат.

(3) Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението.

(4) Странката која ја покренала постапката, а на чија штета постапката е завршена, е должна на спротивната страна да ѝ ги надомести оправданите трошоци за постапката.

(5) Во случај на повлекување или отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата е должен на договорниот орган да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

(6) Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата.

(7) Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Член 167

Одлучување и достава на одлуките

(1) Државната комисија одлучува по жалбените предмети на седница со мнозинство од вкупниот број членови. Седницата ја свикува претседателот на Државната комисија.

(2) Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку три члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик.

(3) Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање.

(4) Седниците на Државната комисија не се јавни.

(5) За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот.

(6) Државната комисија одлучува во рок од 15 дена од комплетирање на документацијата по предметот.

(7) Одлуките на Државната комисија се доставуваат до странките во постапката електронски, преку ЕСЈН, во рок од 48 часа од завршувањето на седницата на која се донела одлуката.

(8) Одлуките се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

Член 168

Вештачење

(1) Доколку во жалбената постапка е потребно стручно знаење за да се утврди или да се оцени одреден факт во постапката за јавна набавка, а Државната комисија не располага со вакво знаење, таа може да одлучи, на барање на странките или по сопствена иницијатива, да побара вештачење.

(2) Вештачењето го вршат вештаци запишани во регистарот на вештаци.

(3) Трошокот за вештачење го сноси странката која истото го побарала, со авансна уплата по известување од Државната комисија за висината на трошокот. Во случај Државната комисија да побара вештачење по сопствена иницијатива, трошокот е на товар на Државната комисија.

(4) Наградата и надоместокот за извршеното вештачење се утврдува согласно со прописите за вештачење.

Член 169

Изземање во случај на судир на интереси

(1) Претседателот, заменикот или членот на Државната комисија се иззема од работа во конкретен предмет поради постоење судир на интереси:

1. ако самиот со странката е во деловен потфат;

2. ако странката или нејзиниот законски застапник е во крвно сродство во права линија или во странична линија до четврти степен, во сродство по сватовство до втор степен, е или бил во брачна или вонбрачна заедница, е посвоител или бил посвоен од него или

3. ако постојат други околности што ја доведуваат во прашање неговата непристрасност.

(2) Странките можат да бараат изземање на претседателот, заменикот или на членовите на Државната комисија.

(3) Штом се дознае за постоењето на некоја од причините за изземање од ставот (1) на овој член, членот или заменикот на претседателот на Државната комисија ќе се изземе од работа по конкретниот предмет и за тоа ќе го извести претседателот.

(4) Штом се дознае за постоењето на некоја од причините за изземање, претседателот на Државната комисија ќе се изземе од работа по конкретниот предмет и за тоа ќе го извести заменикот на претседателот.

(5) За барањето за изземање на членовите и на заменикот на претседателот на Државната комисија одлучува претседателот на Државната комисија.

(6) За барањето за изземање на претседателот на Државната комисија одлучуваат членовите на Државната комисија.

Поглавје 6

Судска заштита и граѓанско-правни одредби

Член 170

Судска заштита

(1) Против одлуката на Државната комисија не е дозволена жалба, а може да се покрене управен спор пред Управниот суд.

(2) Во случај на управен спор, Државната комисија го прави достапно целото досие од постапката по предметот во електронска форма преку ЕСЈН во рок од пет дена од денот на поднесување на тужбата.

(3) Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.

(4) Ако Управниот суд ја поништи одлуката на Државната комисија, со својата пресуда ќе одлучи и за жалбата во постапката за јавна набавка.

(5) Одлуката на Управниот суд, Државната комисија ја објавува на својата веб страница без анонимизација.

Член 171

Надоместок на штета

Секое лице што претрпело штета поради повреда на овој закон има право на надомест на штета пред надлежниот суд согласно со општите прописи за надоместок на штета.

Глава IX

УПРАВНА КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА

Член 172

Предмет на управна контрола

(1) Управна контрола над примената на овој закон, освен на постапките за јавни набавки на договорните органи од членот 9 став (1) точка д) од овој закон, врши Бирото пред испраќање на одлуката за избор или за поништување на постапката.

(2) Управната контрола се спроведува во седиштето на Бирото.

(3) Предмет на управна контрола се постапките за јавни набавки чија проценета вредност е над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи.

(4) Покрај управната контрола на постапките од ставот (3) на овој член, Бирото може да врши управна контрола на која било постапка за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор.

(5) Ако Бирото при вршење на управната контрола утврди една или повеќе неправилности кои имаат обележје на прекршок согласно овој закон или казниво дело, може да поднесе прекршочна пријава до надлежниот суд или да го извести надлежното јавно обвинителство на Република Македонија.

(6) Министерот за финансии подетално го пропишува начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управна контрола, како и начинот на вршење управна контрола.

Член 173

Интегритет на процесот на вршење управна контрола

(1) Управната контрола ја вршат државни службеници од Бирото.

(2) Вработен државен службеник во Бирото ќе се исклучи од учество во управна контрола на одреден предмет доколку:

- учествувал при изготвување на тендерската документација за постапката која е предмет на управна контрола,
- е во крвно сродство во права линија или во странична линија до четврти степен, во сродство по сватовство до втор степен, е или бил во брачна или вонбрачна заедница, е посвоител или бил посвоен од лицето кај договорниот орган кое учествувало во спроведување на постапката која е предмет на управна контрола или
- во претходните три години бил во работен однос кај договорниот орган или бил ангажиран од договорниот орган за определен надомест.

(3) Државниот службеник во Бирото веднаш ќе го извести директорот на Бирото за постоење една или повеќе причини од ставот (3) на овој член за негово исклучување од управна контрола во одреден предмет.

(4) Директорот на Бирото одлучува за исклучување на државниот службеник од управна контрола во одреден предмет со решение.

Член 174

Известување за вршење управна контрола

(1) Бирото преку ЕСЈН го известува договорниот орган за вршење управна контрола на неговата постапка за јавна набавка, како и за рокот за завршување на управната контрола.

(2) Бирото го известува договорниот орган дека не смее да ја продолжи постапката сè додека не констатира дека истата е во согласност со овој закон или додека договорниот орган не постапи согласно со неговите инструкции.

Член 175

Рок за завршување на управната контрола

Управната контрола ќе се спроведе во рок од 10 дена од денот кога Бирото го известило договорниот орган за вршење управна контрола.

Член 176

Записник од извршена управна контрола

(1) По завршување на управната контрола, службениците што ја вршеле составуваат записник од извршената управна контрола.

(2) Министерот за финансии ја пропишува содржината на записникот од извршена управна контрола.

Член 177

Дејство на управната контрола

(1) Управната контрола завршува со доставување записник од извршена управна контрола.

(2) Доколку во управната контрола не се најдат неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, договорниот орган ќе продолжи со постапката.

(3) Доколку Бирото најде неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, ќе даде инструкции што треба да преземе договорниот орган за да ги отстрани неправилностите или да ја поништи постапката доколку во оваа фаза од постапката истото не е можно.

Член 178

Права и обврски на договорниот орган во однос на управната контрола

(1) Договорниот орган е должен да постапи согласно инструкциите на Бирото, освен доколку не достави дополнително образложение.

(2) Договорниот орган може да достави дополнително образложение до Бирото во рок од три работни дена од денот на добивањето на записникот за извршена управна контрола.

(3) Бирото, во рок од пет работни дена од денот на добивањето на дополнителното образложение, ќе одлучи:

- да го прифати и да го дополни и измени првичниот записник, доколку се согласува со доставеното дополнително образложение од страна на договорниот орган или
- да ги потврди наодите од првичниот записник, доколку не го прифаќа доставеното дополнително образложение, при што електронски преку ЕСЈН ја доставува целокупната прикачена документација до Државната комисија.

(4) Во случаите од ставот (3) алинеја 2 на овој член, Државната комисија ги разгледува дадените инструкции на Бирото и дополнителното образложение на договорниот орган и одлучува дали дополнителното образложение е прифатливо.

(5) Државната комисија одлучува во рок од пет работни дена од денот на доставување на документацијата преку ЕСЈН. Решението на Државната комисија е конечно и обврзувачко за договорниот орган и за Бирото.

(6) За водење на постапката пред Државната комисија согласно со условите од овој член не се наплаќа надоместок за водење на постапката.

(7) Одредбите од Глава VIII од овој закон соодветно се применуваат во постапката пред Државната комисија согласно со овој член, освен ако не е поинаку уредено во овој член.

Член 179

Годишни податоци за извршена управна контрола

Податоците од извршените управни контроли во тековната година се составен дел на годишниот извештај на Бирото за неговите активности во функционирањето на системот на јавните набавки доставен до Владата.

Член 180

Ревизија

Ревизијата на користењето и трошењето на средствата за јавни набавки од страна на договорните органи од членот 9 став (1) точки а), б), в) и г) од овој закон ја врши Државниот завод за ревизија.

Глава X

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 181

Прекршочни одредби за договорниот орган

(1) Глоба за сторен прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното, односно овластеното лице на правното лице кое е договорен орган доколку:

1. не обезбеди примена на овој закон кај набавките кои ги субвенционира или кофинансира со повеќе од 50% спротивно на членот 18 став (3) од овој закон;

2. неправилно ја процени вредноста на набавката или неоправдано ја подели набавката во одделни постапки на начин кој ќе доведе до избегнување на примената на овој закон или избор на несоодветна постапка за јавна набавка спротивно на членот 40 ставови (2) и (3) од овој закон;

3. не објави план за јавни набавки во рокот од членот 75 став (3) од овој закон;

4. спроведе постапка без да донесе одлука за јавна набавка;

5. набави стоки, услуги или работи во конкурентен дијалог, а не биле исполнети законските услови за примена на таа постапка од членот 53 од овој закон;

6. набави стоки, услуги или работи во конкурентна постапка со преговарање или во постапка со преговарање без објавување оглас, а не биле исполнети законските услови за примена на таа постапка од членот 52, односно членот 55 од овој закон;

7. не објави оглас или известување од членот 63 од овој закон или не постапи согласно со членот 70 став (3) од овој закон;

8. побара банкарска гаранција поголема од 3% од вредноста на понудата без вклучен ДДВ, спротивно на членот 101 став (3) од овој закон.

9. не им ја врати банкарската гаранција на понудувачите кои не се избрани за најповолни во рамките на периодот на нејзината важност, спротивно на членот 101 од овој закон;

10. побара банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот пониска од 5%, а повисока од 15% од вредноста на договорот за јавна набавка, спротивно на членот 102 од овој закон;

11. побара банкарска гаранција спротивно на членот 102 став (3) од овој закон;

12. не ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот спротивно на членот 102 став (6) од овој закон;

13. не го почитува периодот на мирување, иако за тоа е обврзан согласно со членот 115 од овој закон;

14. во текот на извршување на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба изврши измени спротивно на членот 119 од овој закон и

15. не ја почитува конечната одлука на Државната комисија.

(2) Глоба за сторен прекршок во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е договорен орган доколку:

1. не ги почитува роковите за поднесување на понудите или пријавите за учество утврдени во овој закон;

2. нема барем едно лице за јавни набавки со валидна потврда за лице со јавни набавки согласно со членот 80 од овој закон;

3. не ја наплати банкарската гаранција на понудата во случаите од членот 101 став (6) од овој закон;

4. прими банкарска гаранција во важност помала од денот на истекот на важноста на понудата, спротивно на членот 101 став (15) од овој закон.

5. во случај банкарската гаранција да не е побарана, а требало да биде побарана;

6. во случај банкарската гаранција да не е во важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка спротивно на членот 102 став (5) од овој закон;

7. ако не ја продолжи важноста на банкарската гаранција во случај на продолжување на рокот за реализација на договорот;

8. ако не ја зголеми вредноста на банкарската гаранција во случај на зголемување на вредноста на договорот;

9. ако побара гаранција за авансно плаќање поголема од 20% од вредноста на договорот;

10. ако не обезбеди банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс спротивно на членот 103 од овој закон;

11. не донесе одлука за избор на најповолна понуда или одлука за поништување на постапката во рокот од членот 112 став (2) од овој закон;

12. не го склучи договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во рокот од членот 112 став (3) од овој закон;

13. ги утврди условите во договорот за јавна набавка или во рамковната спогодба на начин што основните елементи отстапуваат од условите содржани во тендерската документација спротивно на членот 116 став (2) од овој закон;

14. не донесе одлука за способни кандидати во постапките каде што способноста на економските оператори се утврдува во одделна фаза;

15. го раскине договорот за јавна набавка или рамковната спогодба спротивно на членот 120 од овој закон.

Член 182

Прекршочни одредби за економскиот оператор

(1) Глоба за сторен прекршок во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво кое е економски оператор, доколку:

1. го извршува договорот за јавна набавка со подизведувач кој договорниот орган не го одобрил во согласност со членот 118 од овој закон;

2. до договорниот орган не достави изјава во согласност со членот 118 став (9) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок од ставот (1) на овој член на средно и големо трговско друштво.

(3) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок од став (1) на овој член на одговорното лице во правното лице од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 183

Одмерување на висината на глобите

Одмерувањето на висината на глобите за прекршоците предвидени во овој закон се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 184

Прекршочен орган

Прекршочна постапка ќе води и прекршочни санкции за прекршоците предвидени во овој закон ќе изрече надлежен суд.

Глава XI

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 185

(1) Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на започнувањето на примената на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите предвидени со овој закон ќе се применуваат постојните прописи.

Член 186

Потврдите за положен испит издадени согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени, но не подолго од една година од денот на започнување на примена на овој закон.

Член 187

Директорот на Бирото именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја извршува функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 188

Претседателот и членовите на Државната комисија именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја извршуваат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 189

Постапките за јавни набавки започнати пред денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18).

Член 190

Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18).

Член 191

Одредбите од членовите 29 и 123 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2020 година.

Одредбите од членот 48 од овој закон кои се однесуваат на електронскиот пазар на набавки од мала вредност, ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2020 година.

Член 192

Овој закон влегува во сила осмиот денот од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 април 2019 година.